# Гласот на ВАС младите

Родова еднаквост и социјална кохезија на Западен Балкан

YOUth
Inclusion, Equality & Trust

# Гласот на ВАС младите

Родова еднаквост и социјална кохезија на Западен Балкан

YOUth
Inclusion, Equality & Trust

## ПРИЗНАНИЈА

*Изработката на студијата „Гласот на ВАС младите: родова еднаквост и социјална кохезија на Западен Балкан“ претставуваше вистински партиципативен труд, што беше овозможен благодарејќи на придонесите, согледувањата и насоките на бројни партнери и млади луѓе на кои срдечно им се заблагодаруваме.*

*Студијата беше спроведена од страна на UN Women, во рамките на регионалната иницијатива на Обединетите нации „Младите за инклузија, еднаквост и доверба“. Оваа студија ја имплементираат UNDP, UNFPA, UNESCO и UN Women.Најдлабоко им се заблагодаруваме на младите истражувач(к)и одговорни за изготвување на локалните трудови, чијашто работа се одвиваше под драгоцениот надзор на водечката истражувачка, професорката Зилка Спахиќ Шиљак, која е авторка на регионалниот труд, а со поддршка на вишата истражувачка, д-р Mary Drosopoulos. Истражувачкиот тим го сочинуваат Liri Kuçi, д-р Наташа Вученовиќ, Hana Bacaj, Сара Миленковска и д-р Родољуб Јовановиќ.*

*Исто така, сакаме да им оддадеме признаеме на Lattanzio KIBS и BST Impact за нивниот придонес. Lattanzio KIBS, со претставниците/претставничките Luca Cuzzocrea, Elisa Maria Soru, Alessandra Gatti и Riccardo Vino, обезбеди клучна поддршка во управувањето со проектот, менаџирањето со процесите на собирање и анализа на податоците, организирањето многубројни настани, како виртуелни, така и со физичко присуство, како и во изработката на дизајнот и визуелниот идентитет на регионалниот истражувачки труд. Поддршката на истражувањето од BST Impact, односно нивните претставнички Silvia Scozia и Giulia Biselli, опфаќаше координација и водење на истражувачкиот тим низ проектните активности, но и обезбедување совети околу дизајнот на студијата, истражувачките прашања, структурата, како и изготвување и уредување на истражувачките трудови.*

*Сакаме да ја изразиме нашата благодарност за непроценливиот придонес и непоколебливата поддршка што ги добивме од г-дин Michele Ribotta и г-ѓа Danjela Celaj од UN Women Албанија, како и од г-дин Thomas Jackson од UNDP Србија. Исто така упатуваме и длабока благодарност до сите наши ценети колеги од UN Women во проектниот регион, кои великодушно ги споделија своите драгоцени сознанија и повратни информации за време на подготвителната фаза на истражувањето.*

*Ја изразуваме нашата благодарност и на сите посветени студенти, професионалци и актери од граѓанското општество кои дејствуваа како млади експерти за проверка на локалните нацрт трудови, обезбедувајќи вреден придонес за тимот: Xhenson Cela, Paola Gosa, Никола Кандиќ, Sajra Kustura, Agon Rexhepi, Elvana Shala, Теодора Милеска, Елена Савеска, Весо Дамјановиќ и Љубица Дарковиќ.*

*Особено сме им благодарни на членовите/членките на тимот кои го поддржаа ангажманот на младите од целиот регион: Esmeralda Doku, Xheni Hatillari, Ивана Кулиќ, Јована Марјановиќ, Ајна Јусиќ, Јадранка Миличевиќ, Сара Вукичевиќ, Klevisa Каро и многу други кои дадоа драгоцена поддршка низ целиот тек на проектните активности.*

*Покрај тоа, со благодарност оддаваме признание за придонесот и перспективите на сите млади луѓе кои учествуваа во истражувањето и ги споделија своите ставови и гледишта во анкетата, низ групните дискусии и интервјуата.*

*На крај, сакаме да оддадеме признание и за великодушната поддршка на Фондот на Обединетите нации за градење мир. „Гласот на ВАС младите: родова еднаквост и социјална кохезија на Западен Балкан“ беше целосно финансиран со нивна поддршка.*

YOUth
Inclusion, Equality & Trust


Youth 4 Inclusion, Equ
United Nations
UN WOMEN

**Оградување од одговорност**: Ова истражување беше поддржано од UN Women, во рамките на иницијативата на Обединетите нации „ Младите за инклузија, еднаквост и доверба “, со финансиски средства обезбедени од Фондот за градење мир на генералниот секретар на ОН, додека за имплементацијата беа задолжени агенциите и канцелариите на ОН, под водство на Програмата за развој на ОН (UNDP) во Србија, во соработка со UNDP, UNFPA, UNESCO и UN Women. Содржината на оваа публикација, како и резултатите презентирани во неа, претставуваат ставови за сопствените делови на автор(к)ите кои работеа под надзор на Lattanzio KIBS, така што не нужно одразуваат ставови на Фондот за градење мир на генералниот секретар на ОН, Обединетите нации и UN Women.

**Автори:** Зилка Спахиќ Шиљак, Лири Кучи, Наташа Вученовиќ, Хана Бацај, Сара Миленковска, Родољуб Јовановиќ

**Изглед и дизајн:** HL Branding/ ХЛ Брендинг

© 2023 UN Women. Сите права задржани

# СОДРЖИНА


**РЕЗИМЕ** 8

**ВОВЕД** 14

**1. МЕТОДОЛОГИЈА** 18

**1.1 Партиципативен пристап** 19

**1.2 Цел на истражувањето, главни теми и прашања** 20

1.2.1 Преглед на литературата и теоретски пристапи 22

1.2.2 Регионални онлајн консултации 24

**1.3 Истражувачки примерок** 27

1.3.1. Квантитативно истражување - анкета и анализа на податоците 28

1.3.2. Квалитативно истражување 30

**1.4. Етички принципи** 34

**1.5. Ограничувачки фактори** 36

**2. ПРЕДИЗВИЦИ ЗА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ И СОЦИЈАЛНАТА КОХЕЗИЈА ВО РЕГИОНОТ** 40

**2.1. Перцепции на младите за родовата еднаквост и социјалната кохезија** 44

**2.2. Фактори кои ја поткрепуваат родовата еднаквост и социјалната кохезија** 48

**2.3. Меѓугрупни односи и социјална кохезија** 54

**2.4. Влијание на негативните наследства од минатото** 60

**3. ПРЕЧКИ ЗА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ И СОЦИЈАЛНАТА КОХЕЗИЈА ОД ПЕРСПЕКТИВА НА МЛАДИТЕ** 66

**3.1. Ригидни родови улоги и стереотипни родови очекувања** 66

**3.2. Родово базирано насилство** 70

3.2.1 Влијание на милитаризираната мажественост врз нивото на насилство над жените 72

3.2.2 Влијание на пандемијата Ковид-19 врз појавата или сериозноста на случаите на родово базираното насилство 76

3.2.3 Искуства со насилството и дискриминацијата 77

**3.3 Дискриминација и говор на омраза** 80

**3.4 Ширење на поларизирачки идентитетски говор** 82

**4. ПЕРЦЕПЦИИ НА МЛАДИТЕ ЗА ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ** 88

**4.1. Еднаквост во образованието и вработувањето** 89

**4.2. Промовирање на родовата еднаквост и социјалната кохезија** 90

**4.3. Застапеност на жените во политичката арена** 92

**5. ПРИМЕНА НА ТЕХНОЛОГИЈАТА ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ РОДОВА ЕДНАКВОСТ И СОЦИЈАЛНА КОХЕЗИЈА: РИЗИЦИ И МОЖНОСТИ** 96

**6. ПРЕПОРАКИ ОД МЛАДИТЕ** 100

**ЗАКЛУЧОК** 106

**ЛОКАЛНИ ИСТРАЖУВАЧКИ ТРУДОВИ** 109

**БИБЛИОГРАФИЈА** 110

## СПИСОК НА ПРИКАЗИ И СЛИКИ

*Приказ 1. Цели и методологија на истражувањето* 18

*Приказ 2. Истражувачки примерок кај квалитативното и квантитативното истражување* 27

*Приказ 3. Демографски преглед на испитаниците/испитаничките во анкетата* 28

*Приказ 4. Демографски преглед на учесниците/учесничките на консултациите* 33

*Приказ 5. Облак од зборови за социјална кохезија* 44

*Приказ 6. Облак од зборови за родова еднаквост* 46

*Слика 1. Фактори кои помагаат во остварувањето посилни и поправедни општества* 48

*Слика 2. Меѓугрупна доверба и пристапно однесување (I)* 54

*Слика 3. Меѓугрупна доверба и пристапно однесување (II)* 57

*Слика 4. Меѓугрупна доверба и пристапно однесување (III)* 59

*Слика 5. Перцепции на младите за различните очекувања од мажите и жените* 66

*Слика 6. Перцепции на младите за семејното или домашното насилство* 71

*Слика 7. Искуства со дискриминацијата во маргинализираните заедници* 80

*Слика 8. Перцепции на млаадите за движењата против родовата еднаквост* 82

*Слика 9. Перцепции на младите за факторите кои би биле од помош за остварување родова еднаквост* 90

# РЕЗИМЕ

Целта на иницијативата на Обединетите нации „Младите за инклузија, еднаквост и доверба“[1] е **младите да се оснажат и да се ангажираат во конструктивни наративи, да ги зајакнат меѓукултурниот дијалог, инклузивноста и родовата еднаквост, со цел да изградат меѓусебно разбирање и доверба** во регионот. Регионалното истражување, што го имплементира UN Women, а го ко-дизајнираа, спроведоа и изработија пет млади истражувач(к)и од Албанија, Босна и Херцеговина (БиХ), Косово[2], Северна Македонија и Србија, има за цел да ги испита врските помеѓу развојот на младите и предизвиците поврзани со родовата еднаквост и социјалната кохезија во регионот[3]. Имајќи предвид дека се работи за прво истражување целосно осмислено и **предводено од младите во регионот,** истражувач(к)ите се здобија со сопственост над студијата, со што им се отвори простор низ кој можеа да дадат придонес врз основа на нивните искуства од областа.

Партиципативната студија беше спроведена со примена на **комбиниран метод на истражување**, кој се состои од канцелариско истражување и прибирање квантитативни и квалитативни податоци. На остварувањето на оваа цел заедно работеа **повеќе од 1200 млади луѓе** од Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Северна Македонија и Србија, на возраст од 18-30 години, кои учествуваа на две регионални онлајн консултации, една регионална консултација со физичко присуство, една онлајн анкета, пет локални консултации и 15 индивидуални длабински интервјуа.

Од регионалната анализа на добиените квантитативни и квалитативни податоци произлегоа следните **клучни истражувачки наоди.**

*[1] Овој истражувачки проект е финансиран од Фондот на ОН за градење мир, а го импементираат UNDP, UNFPA, UNESCO, UN Women и релевантните министерства, општински и младински совети, младински политички партии, медиуми, академски и културни институции и организации на граѓанското општество.*
*[2] Секое спомнување на Косово треба да се сфати во контекст на Резолуцијата 1244 (1999) на Советот за безбедност на ОН.*
*[3] Забележаните разлики меѓу мажите и жените не се сметаа релевантни за целите на Регионалниот документ, чија што намена е на инклузивен начин да ги претстави перцепциите на младите во врска со прашањата што се обработуваат во студијата*

- Социјалната кохезија и родовата еднаквост се поврзани со темелните вредности на поширок дискурс што се однесува на **човековите права, демократијата, социјалната правда и солидарноста.**

- Младите учесници/учеснички во своите заедници не забележуваат премногу високи нивоа на социјална кохезија или родова еднаквост.

- Младите учесници/учеснички ги идентификуваат **негативните наследства** од минатото како еден од главните фактори кои претставуваат пречка, конкретно за родовата еднаквост, а во поширока смисла и за социјалната кохезија. Таквите негативни наследства најчесто се манифестираат како изолација, страв, меѓугенерациска недоверба, **како и хегемонистичка милитаризирана мажественост**, поврзана со остатоците од менталитетот „ние против нив". Покрај тоа, тие се рефлектираат и во културните и патријархалните норми кои придонесуваат кон општествениот отпор насочен против подобрување и еманципација. Како последица на тоа доаѓа до ограничување на можностите и се задушува напредувањето кон родова еднаквост.

- Анализата на меѓугрупните односи покажува одредени охрабрувачки резултати, оносно **се истакнуваат високи стапки на пријателства помеѓу различни етнички и/или религиозни групи.** Меѓутоа, резултатите укажуваат и на тоа дека **социјалната дистанца се зголемува** доколку односите за кои станува збор достигнат **повисок степен на интимност.**

- Покрај еднаквоста во пристапот до образованието и можностите за работа, и **родовата еднаквост се препознава како важен фактор во градењето посилни и поправедни општества.** Сепак, студијата открива и одредена доза скептицизам во однос на иницијативите за родова еднаквост, бидејќи тие во некои случаи се сметаат за контрапродуктивни, односно дека придонесуваат кон понатамошна поларизација.

- Позитивните правни норми формално гарантираат еднаквост, но учесниците/учесничките препознаваат **недостиг на воспоставени механизми за вистинско спроведување на постојното законодавство** кое треба да обезбеди родова еднаквост.

- Голем број испитаници/испитанички во квантитативната студија мошне често се соочувале со **дискриминација и говор на омраза**, било да ги доживеале директно или биле сведоци на тие појави, или пак и ги доживеале и биле сведоци на истите. Расата и/или етничката припадност, социјалниот статус, родот и сексуалноста се највообичаените основи за говор на омраза и/или дискриминација со кои се соочуваат испитаниците/испитаничките. Квантитативната анализа покажува дека жените и малцинските групи многу почесто се изложени на дискриминација и говор на омраза во однос на сите горенаведени категории.

- Учесниците/учесничките се **свесни дека родово базираното насилство** претставува проблем кој во нивните заедници влијае негативно врз социјалната кохезија и благосостојбата на младите. Тие ја истакнуваат **улогата на милитаризираната и токсична мажественост во опстојувањето и**

**континуитетот на родово базираното насилство**, утврдувањето на одредени однесувања како нормални и недостигот на познавање околу тоа што претставува родово базирано насилство. Се истакнува и улогата на традиционалните и социјалните медиуми во одржувањето на наративите преку кои проблемот на семејното насилство се претставува како нормална појава и се минимизираат неговите погубни последици.

- **Постоечките системи за поддршка на жртвите се недоволни, исто како и институционалните одговори**, поради што пријавувањето случаи на родово базирано насилство се смета за залудно. Исто така, учесниците/учесничките нагласуваат дека се забележливи и **стигматизацијата и срамот поврзани со јавното обелоденување на родово базираното насилство**, но тие самите главно не се волни да ги споделат своите конкретни искуства со родово базираното насилство.

- **Влијанието на пандемијата „Ковид-19“ врз родово базираното насилство првенствено се согледува како посреден фактор:** младите сметаат дека всушност појавите што ја придружуваа пандемијата Ковид-19, како што се изолацијата, ширењето дезинформации, проблемите со менталното здравје, дефектите во функционирањето на релевантните системи за институционална поддршка, дополнително ги влошиле негативните ефекти на пандемијата врз социјалната кохезија во поширока смисла, а поконкретно довеле и до соодветен пораст на родово базираното насилство.

- Младите учесници/учеснички јасно покажаа дека се свесни за **ригидните патријархални родови норми што се длабоко вкоренети во структурата на општеството**, како и за границите и пречките што тие ги поставуваат пред нивната генерација. На постарите генерации тие гледаат како на чувари и пренесувачи на таквите норми за кои младите сметаат дека се дел од семејното воспитување и примарната социјализација.

- **Образованието игра важна улога во продолжувањето и јакнењето на ригидните родови норми**, помагајќи исто така и во воспоставувањето на систем преку кој родово базираното насилство се определува како нормална појава. Меѓу останатото, тоа се должи на фактот што наставниците ги одржуваат традиционалните родови норми во врска со однесувањето на учениците, како и на родовите стереотипи околу изборот на идното образование/кариера, непостоењето на наставни програми преку кои би се истакнувале прашања како што се родовата еднаквост, сексуалното образование и сексуалната согласност; покрај тоа, училиштата можат да бидат места каде што во најрана фаза се појавуваат одредени видови однесување (на пример, кога машките ученици на несоодветен начин ги допираат ученичките), но и покрај тоа не постојат системи за решавање на таквите проблеми.

- Недостига **соодветно сексуално образование, како и едукација за децата и младите на теми како што се родот и менталното здравје**, поради што доаѓа до акумулирање на негативните ефекти од крутите патријархални норми и прикажување на штетните видови однесување како нормални.

- Понатаму, младите се **свесни и за ширењето на поларизирачкиот идентитетски говор во**

**традиционалните и социјалните медиуми**. Многумина истакнуваат дека движењата - како локални, така и меѓународни - кои упатуваат пораки што содржат етно-националистичка/популистичка реторика или промовираат дискриминација на малцинствата, исто така ја подржуваат и родова нееднаквост и дискриминацијата на жените и LGBTQIA+ лицата.

- Младите искажуваат **низок степен на доверба во јавните институции, политичарите и верските институции.**
- Младите согледуваат **екстремна нееднаквост во однос на пристапот до образование и можностите за вработување за жените и девојчињата, како и за другите малцински групи како што се мигрантите, лицата со попреченост и Ромите.**
- **Зголеменото учество на жените во политиката и нивната вклученост на клучни позиции на одлучување** може да доведе до напредок и да привлече поголемо внимание во врска со перспективите и потребите на маргинализираните групи. Сепак, мерките за промовирање на учеството на жените во политиката треба да се насочат кон вистински промени, а не да бидат само симболични гестови или пополнување на квоти, бидејќи така не се обезбедува платформа за гласовите кои се залагаат и се борат за женските права.
- Технологијата се идентификува како област што може да изврши позитивно, но и негативно влијание врз социјалната кохезија и родовата еднаквост. Од една страна, младите од своето искуство го нагласуваат потенцијалот на социјалните медиуми за ширење дезинформации, сајбер-насилништво, промовирање на штетни наративи, како и нерегулираното или недоволно регулираното вознемирување и говор на омраза кои поминуваат без последици. Од друга страна пак се истакнуваат случаите на позитивно влијание на социјалните медиуми во борбата против родово базираното насилство и обезбедувањето поддршка за жртвите; се нагласува потенцијалот на социјалните медиуми како место каде што младите можат да организираат популарни движења, да споделуваат искуства и да го дадат својот глас на поддршка за маргинализираните групи.
- Се препорачува оснажување на младите луѓе со цел да преземат лидерски позиции во своите заедници и, во крајна инстанца, да бидат во состојба да поттикнат системски промени и позначително да учествуваат во работењето на медиумите и јавните институции.
- **Негувањето на културата на дијалог, дискутирањето и критичкото размислување** за клучните прашања поврзани со еднаквоста и социјалната кохезија се истакнуваат како прв важен чекор за нивно унапредување. Помеѓу учесниците/учесничките преовладува мислењето дека дискусиите кои се дел од оваа иницијатива даваат таква можност, поради што и се потенцира вредноста на создавањето простор за разговор и решавање проблеми.

Согледувањата стекнати низ истражувањето нудат вредни информации во врска со начиниите на кои младите од целиот регион би сакале да се справат со предизвиците во однос на родовата еднаквост и социјалната кохезија. Без разлика дали се работи за спроведување јавни политики, младински кампањи и акциони планови, акции на граѓанското општество, или пак индивидуални иницијативи на млади активист(к) и со примена на дигитални алатки, младите учесници/учеснички со гласен ентузијазам ги искажуваат своите погледи.

До поинклузивно и поправедно општество може да се стигне само преку подлабоко истражување на влијанието на наративите од минатото врз современите прашања, што ќе им овозможи на младите да научат од историските лекции и да изградат иднина заснована на правичност и солидарност. Иако се наполно свесни за предизвиците со кои се соочуваат, младите покажуваат голем ентузијазам за да се справат со нив и силна волја да бидат придвижувачи на промените во своите заедници.


INCLUSI
EQUALITY
TRUST
YOUth

# ВОВЕД

***„Никој никогаш не побарал да кажам нешто за ова!“***
*Учесник/учесничка на локални консултации, Србија*

Ова е изјава на млада личност за време на дискусиите во рамките на локалните консултации, која коментира дека од младите ретко се бара да кажат нешто за градењето мир, социјалната кохезија и учеството на младите во јавниот живот и политиката. Младите во регионот се претежно исклучени од процесите на одлучување, планирањето и креирањето политики и ретко се случува да бидат консултирани и вклучени во преговарачкиот процес околу прашањата за одржлив мир и социјална кохезија. Иако можат да кажат значајни работи, нивните гласови често се занемаруваат. Во врска со тоа, иницијативата на Обединетите нации „Младите за инклузија, еднаквост и доверба“,[4] има за цел да ги оснажи младите да се вклучат во конструктивни наративи, да ги зајакнат интеркултурниот дијалог, инклузијата и родовата еднаквост и да изградат меѓусебно разбирање и доверба во регионот. Регионалното истражување го имплементира UN Women, а во неговото дизајнирање, спроведување и развој учествуваа млади луѓе од Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Северна Македонија и Србија, со цел да се истражат релациите помеѓу различните предизвици кои стојат како пречки за развојот на младите, родовата еднаквост и социјалната кохезија во регионот. Ова е единствено и прво истражување што во целост го дизајнираа и предводеа младите од овој регион.

Истражувањето го предводеа пет млади истражувач(к)и – секој/а од нив одговорен(-на) за сопствените земја и територијата. Тоа се следните истражувач(к) и и нивните земји: Liri Kuçi (Албанија); д-р Наташа Вученовиќ (Босна и Херцеговина); Hana Vasaj (Косово); Сара Миленковска (Северна Македонија) и д-р Родољуб Јовановиќ (Србија); покрај тоа, секој/а од нив е и автор(ка) на по еден посебен анекс, каде што изнесуваат детални податоци за секоја фаза од студијата, како и своит опсервации и заклучоци. Своите задачи ги извршуваа под надзор на водечката истражувачка, професорката Зилка Спахиќ Шиљак и со поддршка на вишата истражувачка, д-р Mary Drosopoulos. Дебатите за социјална кохезија се одликуваат со специфичен развоен тек и начин на сфаќање, карактеристичен за секој поединечен општествено-културен и политички контекст.

Иако социјалната кохезија може да опстои и во патријархалните општества со хиерархиска динамика на родовите улоги, Обединетите нации и Европската унија имаат развиено инклузивни пристапи со акцент на рамноправноста, еднаквите можности, различноста и благосостојбата за сите граѓани. (Astealarra, 2007). Тука се препознава фактот дека социјалните, политичките и економските права не можат да се остварат во целост доколку жените и мажите, како и ранливите групи граѓани, немаат исти права и можности. Токму затоа, родовата еднаквост станува една од неколкуте суштински компоненти на дискусиите и политиките за социјална кохезија. Со глобализацијата и постмодерниот

*4 Овој истражувачки проект е финансиран од Фондот на ОН за градење мир, а го импементираат UNDP, UNFPA, UNESCO, UN Women и релевантните локални министерства, општински и младински совети, младински политички партии, медиуми, академски и културни институции и организации на граѓанското општество.*

развој, родовата еднаквост се најде во центарот на институционалното внимание, како сеопфатна цел што треба да се земе предвид при планирањето, дизајнирањето, спроведувањето и оценувањето на државните политики, стратегии и економскиот развој; од друга страна, многу делови на светот се соочуваат со подем на фрагментацијата и етничките поделби, како и со сè поголемиот обем на политичка и економска поларизација.

Некои автори (Lopez, 2007; Благојевиќ, 2002) дискутираат за „родовиот парадокс на социјалната кохезија", посочувајќи го општествениот феномен кој се карактеризира со фактот дека жените вложуваат толку многу во грижата и градењето односи и доверба во семејството и општеството, а сепак се исклучени и немаат еднакви можности како мажите. Оние кои се најмногу ангажирани во неплатена работа, која што пак е корисна за темелите на социјалната кохезија, не ги уживаат сите придобивки на социјалната благосостојба.

Во регионот, повеќето истражувања во врска со социјалната кохезија се однесуваат на социјалните и политичките права и социјалната дистанца (Мајсторовиќ и Турјачанин, 2013; Радовановиќ и Стојановиќ Гајиќ, 2013; Авировиќ-Бундалевска, 2019;), додека студиите за родова еднаквост (Danaj и др., 2019, Demukaj и др., 2019; Kuci 2021; Бабовиќ и Петровиќ, 2021, Спахиќ Шиљак и др. 2022) се фокусираат на факторите што ја оневозможуваат еднаквоста. Меѓутоа, пресекот на родовата еднаквост и социјалната кохезија ретко се истражува, така што оваа студија претставува прва иницијатива предводена од младите со која се проценува нивната меѓусебна поврзаност. Во фазата на дизајнирање на истражувањето, пет млади истражувач(к)и од земјите и територијата опфатени со проектот беа ангажирани во развојот на методологијата, како и во осмислувањето прашања за алатките за собирање податоци (анкета, прашања за длабински интервјуа и прашања за групни консултации).

На тој начин, младите истражувач(к)и од една страна стекнуваат сопственост над истражувањето, а згора на тоа таквиот пристап им овозможува простор за придонес заснован на нивните искуства од областа. Иновативниот елемент на оваа студија особено се темели на нејзината целосно партиципативна природа. Тука е применет пристап ориентиран на практиката, при што се комбинираат академското знаење, од една страна, и искуственото знаење и перспективите на учесниците/учесничките, од друга. Самите истражувач(к)и се млади луѓе од регионот, па така тие го спроведуваат истражувањето, но и учествуваат во студијата, изнесувајќи ги од прва рака своите перспективи во врска со клучните истражувачки прашања. Истражувач(к)ите презентираат критички размислувања за своите сопствени предрасуди и претпоставки, за да го препознаат потенцијалното влијание на нивната позиционираност врз процесот и резултатите на истражувањето.



# МЕТОДОЛОГИЈА

# 1

# 1. МЕТОДОЛОГИЈА

Регионалното истражување предводено од младите претставува придонес за академските дискусии околу социјалната кохезија и родовата еднаквост, додека целта е истражувачките резултатите да послужат како поддршка за градењето наративи засновани на факти и да обезбедат структура за активностите во рамките на политиките и застапувањето на Западен Балкан.

Во ова поглавје се претставени целта на истражувањето, главните теми, дефинициите, методите, примероците, етичките прашања и ограничувањата на истражувањето. Иновативниот дел и додадената вредност на оваа студија се претставени преку пристапот на партиципативно истражување и примената на комбиниран истражувачки метод, кој се состои од канцелариско истражување и собирање квантитативни и квалитативни податоци. Комбинираниот истражувачки метод (Berg, 2009, Creswell 2009) е мошне изискувачки и комплексен поради филозофската и теоретската заднина, собирањето и анализата на податоци, а содржи и триангулација на податоците и вкрстена верификација, што помага во прецизирањето на целиот истражувачки процес и валидацијата на резултатите.

Овој метод, исто така, им овозможува на истражувач(к)ите да стекнат посеопфатно разбирање за главните наоди и нивната примена во практиката.

### *Цели, намена и методологија на истражувањето*




*Приказ 1. Цели и методологија на истражувањето*

## 1.1 Партиципативен пристап

Партиципативното истражување подразбира дека при дизајнирањето и спроведувањето на истражувањето се воспоставува соработка помеѓу истражувач(к)ите и припадниците/припадничките на целната популација засегната од истражуваната проблематика, односно со лицата на кои се однесуваат евентуалните акциони планови, осмислени врз основа на заклучоците извлечени од таквото истражување, или со луѓето вклучени во реализацијата на тие планови. Тука се нагласокот е на пристапот „оддолу нагоре“, каде што предвид се земаат локалните перспективи, приоритети и потреби (Jagosh и др., 2012; Waughn и др., 2020). Партиципативното истражување може да се обликува преку различни методолошки пристапи – при што фокусот треба да биде осмислување рамка што ќе соодветствува на целите и контекстот на едно флексибилно истражување преку кое ќе се развиваат клучни прашања и пристапи, низ процес на заедничка конструкција со учесниците/учесничките. Овој методолошки пристап се состои од оснажување, соработка, рефлексивност и трансформација (Pringle и др., 2017), а се карактеризира со феминистички истражувачки метод фокусиран на соработка, со цел да се надмине на *status quo* и да се воведат промени за жените и непривилегираните (Westmarland и Bows, 2019; Van Ingen, 2020; Хусановиќ, 2022). Една од клучните особености на партиципативниот пристап во истражувањето е тоа што знаењето се простира од центарот кон маргините. Луѓето кои немаат пристап до привилегираниот центар каде што се создава знаењето, добиваат простор во кој ќе можат да ги идентификуваат прашањата што ги засегаат и да ги искажат своите размислувања за тоа што треба да се направи за истражувачката работа да биде активна и трансформативна.

Карактеристично за оваа студија е што истражувач(к)ите имаат двојната улога: тие се учесници/учеснички, како претставници/претставнички на целните групи кои живеат и делуваат во рамките на локалните заедници засегнати од истражуваната проблематика, а истовремено го пишуваат и го спроведуваат истражувањето. На тој начин, младите истражувач(к)и служат како мост што ги поврзува академското и доживеаното искуство. Друга придобивка од таквата двојна улога во спроведувањето на студијата е нивната способност ефективно да комуницираат со другите учесници/учеснички во консултациите и групните дискусии, да обезбедат ангажираност и отвореност, како и да ги толкуваат искажаните согледувања и да комуницираат низ перспектива нијансирана според контекстуалните специфичности. Тоа пак овозможува учесниците/учесничките во текот на дискусијата да се чувствуваат пријатно додека се изразуваат себеси во сопствената „контекстуална рамка“, со што дополнително се премостува јазот помеѓу академското и доживеаното искуство. И навистина, младите истражувач(к)и сметаат дека нивната способност да го сфатат контекстот на учесниците/учесничките, но и спецификите во нивното комуницирање, како на пример употребата на одреден јазик или карактеристичните интерни шеги, им помагаат да ја разберат и да ја водат дискусијата. Уште една мошне забележителна карактеристика кај младите луѓе вклучени во дискусијата е дека тие се генерално проактивни и мотивирани, покажуваат дека се добро информирани и критички размислуваат за проблематиката која се разгледува, што укажува **на важноста од обезбедување пријатен и пристапен простор каде што младите ќе можат да ги споделат своите мислења, знаења и искуства.**

Покрај двојната улога на истражувач(к)ите, партиципативната природа на истражувањето се изразува и низ процесот на осмислување и имплементација, како што е објаснето во делот 1.2.2. подолу.

## 1.2 Цел на истражувањето, главни теми и прашања

Целта на ова истражување е предизвиците поврзани со родовата еднаквост и социјалната кохезија во регионот да се согледаат исклучиво низ перспективата на младите[5]. Низ истражувањето се настојува да се вреднуваат и да се презентираат перспективите, знаењата и искуствата на младите од целиот регион, со цел тие да се поттикнат да генерираат активни и одржливи препораки што ќе можат да покренат конкретни мерки за целисходно справување со идентификуваните предизвици во врска со родовата еднаквост и социјалната кохезија, но и за унапредување на позитивните општествени промени во регионот.

За време на локалните консултации, учесниците/учесничките во студијата добиваа релевантни дефиниции секогаш кога имаше потреба за тоа, со цел да се олесни разбирањето на опсегот и фокусот на дискусијата. Подолу се дадени дефиниции на англиски јазик за клучните истражувачки концепти кои беа користени како референтни точки. Во согласност со раните методолошки согледувања, се случуваше некои за концепти да се даде поедноставен усно објаснение, за да се олесни нивното разбирање од страна на учесниците/учесничките.

**Социјална кохезија:** стапката на доверба во институциите и во општеството – се состои од (1) степенот на доверба во можностите на институциите да обезбедат еднаков пристап до правда за секого, како и ефективни, одговорни и инклузивни процеси на сите нивоа и (2) чувството на меѓусебна доверба кај населението што се карактеризира со идентитетска разноликост, како и подготвеноста за колективно делување кон заедничка визија за одржлив мир и заеднички развојни цели.[6]

**Родова еднаквост:** еднакви права, одговорности и можности за жените и мажите и девојчињата и момчињата. Еднаквоста не значи дека жените и мажите ќе станат исти, туку дека правата, одговорностите и можностите на жените и мажите нема да зависат од тоа дали се родени како машки или женски. Родовата еднаквост значи да се внимава на интересите, потребите и приоритетите и на жените и на мажите, препознавајќи ја притоа разноликоста помеѓу различни групи жени и мажи.[7]

*[5] Дефиниција на ОН: Поимот „МЛАДОСТ најдобро се сфаќа како период на премин од зависноста во детството кон независноста во зрелоста. Затоа, како категорија, младите се пофлуидни од другите фиксни возрасни групи.“ Извор: https://www.un.org/esa/socdev/documents/youth/fact-sheets/youth-definition.pdf*

*[6] ОЕЦД (2012), “Social Cohesion Indicators” (Индикатори за социјална кохезија), во Општеството на прв поглед: Азија/Пацифик 2011 година, OECD Publishing. http://dx.doi. org/10.1787/9789264106154-11-en.*

*[7] UN Women, Канцеларија на специјалниот советник на генералниот секретар за родови прашања и унапредување на положбата на жените (OSAGI), концепти и дефиниции, достапно на https://www.un.org/womenwatch/osagi/conceptsandefinitions.htm*

**Градење мир:** комплексен, долгорочен процес на создавање неопходни услови за одржлив мир. Се состои од низа мерки насочени кон намалување на ризикот од враќањето или повторното стапување во конфликти, преку зајакнување на локалните капацитети на сите нивоа, заради управување со конфликтите и нивно трансформирање кон поодржливи, мирољубиви односи, со внимателно вклучување приоритетни, секвенционирани, а според тоа, и релативно тесни групи на активности, со цел да се спречи избувнувањето, продолжувањето, ескалацијата и повторувањето на конфликтите и да се промовира одржливоста на животот и обновата на локалните заедници.[8]

**Токсична мажественост:** традиционални општествени очекувања во врска со мажественоста кои можат да бидат штетни и за мажите и за жените и за општеството како целина. Со таквите очекувања обично се бара однесување што од една страна ќе манифестира потиснување на емоците, агресивност и доминантност, а од друга занемарување на емоционалната и физичката благосостојба. Токсичната мажественост може да се пројавува и како култура на сексизам, хомофобија и насилство врз жените, LGBTQIA+ лицата и маргинализираните групи. Важно е да се забележи дека токсичната мажественост не се однесува на сите мажи или на мажественоста како целина, туку на штетните културни норми и однесувања поврзани со традиционалната мажественост.[9]

**Милитаризирана мажественост:** модел на култура и однесување кој подразбира дека соодветното однесување на машкиот род е поврзано со „воените“ модели на однесување.[10]

**Мизогинија:** омраза, антипатија или предрасуди кон жените или девојчињата. Тоа е термин со кој се опишуваат низа негативни ставови и однесувања кон жените, како што се сексизмот, дискриминацијата, објективизацијата и насилството. Мизогинијата може да се манифестира на различни начини, вклучувајќи вербално злоставување, физичко насилство, сексуално вознемирување и родова дискриминација.[11]

[8] *Погледнете: Канцеларија за поддршка на градењето на мирот, „ОН Градење мир: ориентација“, 2010 година, стр.5., достапно на: https://www.un.org/peacebuilding/sites/www.un.org.peacebuilding/files/documents/peacebuilding_orientation.pdf*
[9] *Студија The Man Box (Кутија за машки). 2017. https://www.equimundo.org/wp-content/uploads/2017/03/TheManBox-Full-EN-Final-29.03.2017-POSTPRINT.v3-web.pdf*
[10] *Ibid.*
[11] *Ibid.*

## 1.2.1 Преглед на литературата и теоретски пристапи

Првата фаза на истражувањето се состоеше од длабински преглед на литературата што се состоеше од канцелариско истражување и водеше кон утврдување на клучните примарни и секундарни извори на поддршка за осмислување на истражувачките прашања и за анализа на податоците. Целта на прегледот на литературата беше да се истражат веќе постигнатите резултати во регионот во врска со социјалната кохезија, родовата еднаквост, младите и градењето на мирот, но и да се обезбеди филозофско образложение за истражувањето според комбинираниот метод. Прегледот опфаќа ревизија на релевантниот заднински материјал во постоечките предметни истражувања, како и оригинално истражување за утврдување факти во врска со димензиите на родовата еднаквост присутни кај предизвиците поврзани со социјалната кохезија во регионот. Конкретно, активноста се состои од сеопфатно квалитативно испитување на достапната литература и на примарните и секундарните извори на информации, преку идентификување и анализирање на јавно достапните информации (анализа на податоци од отворени извори, веб-страници, онлајн материјали, итн.), од каде тимот извлече релевантни знаења што ќе ја поддржат изработката на овој труд. Прегледот на литературата, исто така, послужи прво како основа за утврдување на темите за истражување, а потоа за водење на почетните регионални консултации низ кои се собираа повратни информации од засегнатите страни, кои потоа беа вградени во клучните истражувачки прашања, како што е подетално опишано во делот 1.2.2 подолу.

Истражувачкиот тим обезбеди академски написи, истражувачки трудови, извештаи на меѓународни организации (на пр., ОБСЕ, UNDP, UN Women, UN-FPA), извештаи на локални граѓански организации во секоја од земјите и од територијата, како и институционални политики за улогата на младите.

Постоечката литература во регионот ги прикажува младите и како релевантни чинители на мирот и социјалната кохезија (Радоман 2020; Авировиќ-Бундалевска 2019; Kelmendi 2023), но и како маргинализирани гласови кои што се, исто така, „загадени“ со етно-национализам, токсична мажественост и нетолеранција. Една од причините за тоа е што мнозинството млади во регионот се социјализираат во етнички поделени заедници, па различните етнички и верски идентитети не ги доживуваат како вредно мултикултурно наследство, туку како меѓусебно исклучиви категории во постојана борба за меѓусебно надвладување. (Мајсторовиќ и Турјачанин 2013; Мулалиќ и Кариќ 2017; Prato и др. 2018; Турјачанин и др., 2020 година).

Со оглед на тоа што родовата еднаквост веќе е истакната како пресудна компонента на социјалната кохезија, во литературата се открива дека родовите стереотипи, сексизмот и интернализираната мизогинија сè уште ги обликуваат родовите режими во петте истражувани земји и на територијата (Demukaj и др. 2019; Danaj 2020; Drosopulos 2020; Бабовиќ и Петровиќ, 2021; Спахиќ Шиљак и др. 2022; Вученовиќ 2022 година). Тоа значи

дека институциите треба да усвојат родово чувствителни политики и стратегии, што ќе овозможат вклучување на поголем број жени и млади во мировните процеси, бидејќи таквата состојба е веќе препознаена во регионот (UNDP 2020; ОБСЕ 2020; Ќериман и Спахиќ Шиљак 2020; Kuci 2023). Понатаму, во литературата се сугерира дека пандемијата Ковид-19 ги продлабочила родовите нееднаквости и го зголемила обемот на родово базираното насилство, што поставува дополнителен предизвик во борбата против дискриминаторските практики спрема жените и маргинализираните групи, особено сексуалните малцинства, лицата со попреченост, како и етничките малцинства. (Kuci и Xhafa 2020; Радоман 2020). Оваа студија се заснова на два релевантни теоретски пристапи. Првиот пристап е теоријата на промени (Lederach 2023), која е од клучно значење за социјалната кохезија и градењето на мирот, бидејќи застапува холистички пристап кон менувањето на општествената поврзаност. Се заснова на градење мрежи, зајакнување на институциите, вклучување на сите засегнати страни, со социјално водени и контекстуализирани иницијативи и интеракција помеѓу нивоата на општествената пирамида: највисокото ниво што ги вклучув политичкото, општественото и верското лидерство, средното ниво (граѓански организации) и меѓучовечкото ниво. Вториот пристап е теоријата на феминистичко стојалиште (Haraway 1986; Harding 2004) која се потпира на три клучни принципи: а) создавањето знаење секогаш е условено од општеството и лоцирано е во него; б) маргинализираните групи се посвесни за маргинализацијата и дискриминацијата отколку привилегираните; в) критичкиот поглед на односите на моќта треба да започне од животот на маргинализираните групи, бидејќи така може да се разберат причинско-последичните ефекти на структурите на моќ. Според тоа, феминистичкото стојалиште гарантира дека ќе се слушне гласот на маргинализираните и релативно невидливите групи.

Во оваа студија целна група се младите, бидејќи тие не само што се маргинализирани од главните текови на политиките и донесувањето одлуки, туку се и под силно влијание на разноразни политички и религиозни актери кои го злоупотребуваат поимот патриотизам за да ги претставаат вештачките етнички поделби како нормални, но и на токсичната и хегемонистичка мажественост, што пак ги води по патот кон родово базираното насилство и дискриминацијата.

Преку теоријата на феминистичкото стојалиште и теоријата на општествени промени, ова истражување го испитува делувањето на младите како чинители во градењето мир и социјалната кохезија, а исто така и нивната позиционираност како припадници/припаднички на своите етнички и други групи во однос на етничката дистанца, родовата еднаквост, родово базираното насилство, токсичната мажественост и патријархалните односи кои ги засегаат и жените и мажите.

## 1.2.2 Регионални онлајн консултации

Со цел да ги финализира предложената методологија и истражувачките методи, UN Women организира воведен онлајн состанок со младите од петте земји и територијата, со намера да ги добие нивните перцепции и ставови за главните теми идентификувани низ прегледот на литературата:

1. Негативни наследства од минатото;
2. Националистички и антиродови наративи;
3. Социјално прифаќање и социјална дистанца;
4. Родова еднаквост за социјална кохезија;
5. Пандемија Ковид-19

оКлучните истражувачки прашања беа прецизирани врз основа на ставовите што ги споделија младите учесници/учеснички на регионалните онлајн консултации, при што фокусот беше насочен кон темите илустрирани подолу.

Собраните согледувања беа прилагодени и вградени во релевантни истражувачки прашања и потпрашања со кои се анализира дали младите ја доживуваат родовата еднаквост како суштинско прашање за социјалната кохезија, но и како патријархалниот менталитет и однапред воспоставените родови норми влијаат на денешните нееднаквости.

**Последните клучни прашања во студијата се однесуваат на следните поттеми:**

- учеството на жените во градењето на мирот;
- влијанието на негативните наследства од минатото врз родовата еднаквост и социјалната кохезија;
- родово базираното насилство (РБН) и влијанието на моделот на милитаризирана мажественост, вклучувајќи го и влијанието на Ковид-19, врз појавата и/или сериозноста на појавите/случаите на РБН и врз ширењето на анти-родови наративи;
- дискриминацијата и говорот на омраза, како во физички, така и во дигитални средини со фокус на дигиталниот активизам;
- препораки од младите околу справувањето со предизвиците поврзани со родовата еднаквост и социјалната кохезија во нивната земја и на територијата.




Formulari i pëlqimit për fokus grupe / intervista

## 1.3 Истражувачки примерок

Во студијата се разгледуваат ставовите на младите од 18 до 30 години од петте земји и територијата на проектниот регион.

Имаше случаи кога млади луѓе на возраст под 18 години, спонтано се понудија да учествуваат во проектните активности. Поточно, неколку учесници/учеснички под 18 години побараа да се вклучат во дискусиите на локалните консултации. Во тие случаи, се побара и се доби согласност од родител или законски старател.

### *Квантитативен и квалитативен пристап кон истражувањето*




*Приказ 2. Истражувачки примерок кај квалитативното и квантитативното истражување*

## 1.3.1. Квантитативно истражување - анкета и анализа на податоците

### *Распределба на испитаниците/испитаничките во анкетата*




*Приказ 3. Демографски преглед на испитаниците/испитаничките во анкетата*

**Квантитативното истражување го дизајнира истражувачкиот тим, со цел:**

1) Обезбедување статистичка димензија на мислењата и перцепциите, како и ставовите и искуствата на целната група во врска со предметот на истражување;

2) Идентификување на разликите во мислењата, перцепциите, ставовите и искуствата меѓу потцелните групи на млади луѓе;

3) Разбирање на причинско-последичните врски помеѓу мислењата и однесувањата, како и помеѓу ставовите и искуствата.

На крајот беше усогласен конечен сет од 35 прашања со истражувачкиот тим. Целта при изборот на прашањата беше да се опфатат клучните теми на студијата и релевантните мерки, но притоа да се одржи рамнотежа со степенот на тешкотијата на задачите, а испитаниците/испитаничките да не почуствуваат замор (Marsden и Wright 2010). Друга цел беше да се обезбеди доследност и споредливост на одговорите врз основа на заедничка референца утврдена во податоците.

Сепак, водејќи се од разликите помеѓу поединечните земји и територијата и карактеристиките на одредени контексти, секогаш кога беше потребно се вметнуваше упатување на конкретен контекст. Форматот на прашалникот беше изготвен според стандардот на веб-интервјуирање со помош на компјутер (CAWI). Прашањата беа преведени на сите релевантни локални јазици за да се обезбеди максимална пристапност за сите целни демографски групи. Прашалникот беше компјутеризиран и администриран преку платформата за собирање дигитални податоци SurveyMonkey. Истражувањето започна во јуни 2023 година. За земање примероци беше применета стратегијата снежна топка, додека доставувањето беше потпомогнато од контактите во мрежата за поддршка на проектот, вклучувајќи го и истражувачкиот тим. Со оглед на тоа што истражувањето содржи чувствителни податоци поврзани со родот, земјата или територијата, нивото на образование и возраста на испитаниците/испитаничките, како и сексуалната ориентација, статусот на попреченост и верската припадност (за да се олесни профилирањето на одговорите), особено внимание се посветува на заштитата на податоците на учесниците/учесничките (погледнете дел 1.4. за етика). Конечно, до онлајн анкетата пристапиле 1.232 лица, од кои 810 го навеле местото на живеење и поднеле валидна пополнета анкета. Од овие 810 учесници/учеснички, 133 наведуваат место на живеење во Албанија, 400 во Босна и Херцеговина, 84 на Косово, 72 во Северна Македонија и 12 во Србија.

Со оглед на тоа дека се работи за примерок по сопствен избор, одговорите не можат да се генерализираат на популацијата млади луѓе кои живеат во петте земји и на територијата, но може да се добијат докази од конкретната мотивација за учество, како и од интересот за прашањата поврзани со родовата еднаквост и социјалната кохезија, а исто така можат да се проверат и отстапувањата во перцепциите и искуствата во споредба со оние утврдени кај ефективно репрезентативниот примерок на млади луѓе.

Беше спроведена вкрстена анализа со разгледување на податоците расчленети според следните демографски променливи: пол, возраст, ниво на образование, религија, подрачје (т.е. урбано, приградско, рурално).

## 1.3.2. Квалитативно истражување

Квалитативното истражување се состоеше од консултации со млади луѓе, како и интервјуа со млади претставници/претставнички на институции чија дејност се фокусира на младите и социјалните прашања. Квалитативниот дел од истражувањето обезбеди значителен обем на материјал за подлабока анализа, но исто така овозможи триангулација и валидација на резултатите од анкетата.

По канцелариското истражувањето спроведено од младите истражувач(к)и со кое се комплетира прегледот на релевантната литература за родова еднаквост и социјална кохезија во регионот, како и по партиципативното идентификување на клучните истражувачки прашања на првите онлајн регионални консултации, во рамките на втората фаза од проектот беа организирани пет консултации што се одржаа во Тирана, Сараево, Белград, Приштина и Скопје.

Консултациите беа обмислени како групна дискусија со минимум 20 учесници/учеснички, со употреба  на локалните јазици и во неформална средина.

Генерално, имаше одредени мали разлики во методологијата, бидејќи за време на активностите се внесуваа и потребите што произлегуваа како што течеше проектот. Поточно, како воведен настан со физичко присуство, консултациите во Албанија послужија како драгоцена можност за да се тестира истражувачката методологија и да се извршат потребните прилагодувања, како што е објаснето подолу.

Дискусиите во Тирана се водеа во две одделни фокус групи кои во текот на два часа се осврнаа на клучните истражувачки прашања. Намерата со поделбата во фокус групи беше да се создаде безбеден простор за учесниците/учесничките да можат слободно да ги споделуваат идеите. Со цел да го задржи природниот тек на спонтани дискусии меѓу учесниците/учесничките, фасилитаторот воведуваше широки истражувачки теми релевантни за студијата, оставајќи им простор на младите да одлучуваат за приоритетните прашања околу кои би се ангажирале.

Меѓутоа, бидејќи беше забележано дека дискусијата во врска со говорот на омраза, родово базираното насилство и милитаризираната мажественост е мошне ограничена, на другите консултации беше применет построктен пристап.

На консултациите во Сараево, Белград, Приштина и Скопје, дискусиите се водеа како четиричасовна размена со една поголема група млади луѓе кои разговараа за одреден избор на прашања. До учесниците/учесничките во Тирана беше проследен дополнителен писмен прашалник, со цел истите истражувачки прашања доследно да бидат истакнати меѓу учесниците/учесничките во сите земји и на територијата. Во тој прашалник беа внесени точките што не можеле да се истакнат во рамките на фокус групите, со што се обезбедува споредливост на податоците за ставовите собрани во Албанија и оние добиени подоцна во Босна и Херцеговина, Србија, Косово и Северна Македонија.

Младите истражувач(к)и учествуваа во креирањето на упатствата за консултациите, со цел да се осмисли збир на конкретни ангажирачки прашања што ќе овозможи консултациите да се одвиваат низ стандардизиран формат заради споредливост на податоците.

Учесниците/учесничките беа избрани врз основа на сеопфатна мапа на засегнатите страни, изработена од страна на истражувачкиот тим, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на образовни институции, студенти, како и научници и професори, потоа претставници/претставнички на граѓански организации и младински мрежи, новинар(к)и, активист(к)и, претставници/претставнички на регионални организации, консултативни комисии и други членови/членки на непрофитни организации кои се сметаат релевантни за темите на истражувањето (како што се феминистичките здруженија и невладините организации предводени од жени). Критериумите за избор овозможуваа да се посвети должно внимание на географската и родовата застапеност, како и на застапеноста на заедниците, согласно возраста според која се формирани целните групи. Во оваа фаза не се бараше политичка припадност, со цел фокусот насочен кон индивидуалните перспективи на младите за истражуваните теми да добие приоритет.

Поканите беа испратени до широк круг луѓе, за да допрат не само до младите кои активно работат на овие прашања (нпр., членови/членки на граѓански организации кои работат на родова еднаквост), туку и до оние кои не се професионално или академски ангажирани околу темите на проектот и не покажуваат особен интерес за бавење со тие теми. Тоа му овозможи на тимот да дојде до различни сознанија и да

биде сведок на стимулирачки разговори меѓу учесниците/учесничките со различно потекло и интереси, како и со различни мислења и идеи за предложените теми.

При изборот на учесници/учеснички и за нивниот ангажман, особено се водеше сметка да бидат вклучени маргинализираните групи и луѓето во ранлива ситуација. LGBTQIA+ заедницата беше застапена на сите пет консултации. Додека некои учесници/учеснички ја афирмираа својата припадност кон таа заедница, други претпочитаа само да ја наведат во анкетата. На сите консултации беа застапени и лицата со попреченост. Етничките малцинства беа ангажирани преку вклучување на организациите на граѓанското општество кои овозможија пристап до нивната база на контакти и ги испратија поканите до соодветните заедници; особено забележително беше активното учество на претставници/претставнички од ромската заедница.

Извештаите за групите зборуваа дека се многу активни во текот на целата дискусија и дека се креира безбеден простор за споделување политички и социјални перспективи, како и лични стории. Покрај тоа што беа регистрирани голем број учесници/учеснички, во текот на дискусиите тие воспоставуваа и меѓусебна интеракција. Општо земено, учесниците/учесничките беа мошне отворени, мотивирани, со голем ентузијазам и искрени.

Сепак, бидејќи беше забележано дека одреден помал број учесници/учеснички се воздржуваат да зборуваат, фасилитаторот требаше внимателно да ги поттикне за да ги споделат своите мислења. Во некои случаи доаѓаше до изразени несогласувања помеѓу учесниците/учесничките, поради што истражувач(к)ите мораа да интервенираат и поактивно да ја модерираат дискусијата.

Во други поретки случаи, се чинеше дека учесниците/учесничките не можат да стигнат до јасно или заедничко разбирање за некои концепти и дефиниции кои беа од клучно значење за истакнување на истражувачките прашања. Тогаш, истражувач(к)ите повторно ги претставуваа концептите и дефинициите, за да бидат сигурни дека сите на ист начин го разбираат нивното значење.

На петте консултации учествуваа 134 млади лица со различен статус. Групата беше главно избалансирана и репрезентативна, со различни возрасни групи, родови идентитети, етничка припадност, контекст на живеење, социо-економско статус, религиозни уверувања и лица што се идентификуваа со недоволно застапените групи или ранливите заедници.

### *Распределба на учесниците/учесничките на консултациите*




*Приказ 4. Демографски преглед на учесниците/учесничките на консултациите*

Откако беше изготвен список на засегнатие страни, беше остварен контакт со избраните млади луѓе за едночасовно онлајн индивидуално интервју со млад(а) истражувач(ка) на соодветниот локален јазик. Идентификуваните лица претставуваа географски репрезентативен примерок на млади луѓе под 30 години, кои беа поврзани или тесно соработуваа со локалните власти. Намената на ставовите изнесени од овие лица е само да се прикажат нивните индивидуални мислења за клучните истражувачки прашања. Процесот на експертска проверка што го водеа младите од секоја од земјите и територијата им помогна на младите истражувач(к)и да ги подобрат своите сопствени извештаи и трудови.

## 1.4. Етички принципи

Истражувањето е развиено во согласност со основниот етички принцип „не прави штета“. Преку обезбедувањето информирана согласност / доброволно учество, потоа правото на повлекување во секое време, заштитата на податоците и доверливоста/анонимноста се покажува стремежот да се избегне нанесувањето штета на лицата кои даваат придонес на партиципативната студија.

Учесниците/учесничките во студијата добија сеопфатни информации за начинот на заштита на тие принципи.

Образецот за согласност што го добиваа учесниците/учесничките на локалните консултации и длабинските интервјуа беше преведен на локалните јазици, а им беше дадено и доволно време да го прочитаат и да размислат дали се согласуваат со условите во него. Со потпишувањето на обрасците за согласност, учесниците/учесничките прифатија да учествуваат во кратка анкета преку која се земаа нивните демографски податоци за статистички цели. Пред да го пополнат прашалникот, од учесниците/учесничките во анкетата на студијата беше побарано да дадат и изречна согласност во врска со условите за споделување податоци. Учесниците/учесничките беа детално информирани за контекстот на истражувањето, целта на студијата и употребата на повратните информации добиени од засегнатите страни, за да се осигура дека тие целосно ги разбрале потенцијалните ризици и придобивки од учеството во студијата пред да дадат информирана согласност.

За да се обезбеди учество на доброволна основа, во студијата се потврдува дека учесниците/учесничките имаат целосна контрола над своето учествување и се поддржува правото да се повлечат од истражувањето во секое време и поради каква било причина. За да ја заштити автономијата на учесниците/учесничките, истражувачкиот тим вложуваше напори тие да се чувствуваат пријатно и да знаат дека имаат поддршка во остварувањето на своето право на повлекување. Нивните одлуки во однос на споделувањето информации беа почитувани и не беа применети принудни мерки или несоодветно влијание што би ги одвратило од евентуално повлекување. На учесниците/учесничките им

беа доставени јасни и детални информации за нивното право да се повлечат без казнување или негативни последици, а беше претставен и јасен и директен процес низ кој учесниците/учесничките можеа да го искористат тоа право, со конкретна фокусна точка за известување преку е-пошта во случај на повлекување.

Приватноста и безбедноста на податоците на учесниците/учесничките во текот на истражувањето се гарантираа преку безбедно и доверливо чување и анализа на тие податоци. Пристап до чувствителните податоци имаат само истражувачкиот и раководниот тим. Истражувачкиот тим управуваше со податоците на транспарентен начин, јасно соопштувајќи им ги на учесниците/учесничките мерките за заштита на податоците, вклучувајќи ги и анонимноста и доверливоста, како и практиките за задржување и уништување на податоците.

Во рамките на студијата се почитува приватноста на учесниците/учесничките и нивните лични информации се третираат како доверливи за да се избегнат евентуални штетни последици, како што се ненамерното обелоденување или стигматизацијата. Учесниците/учесничките беа информирани дека содржината на нивните влезни податоци е анонимна и дека нивниот придонес се смета за доверлив. Тие беа поттикнувани слободно да го изразат своето мислење во безбеден простор, прописно информирани дека нивните одговори ќе се користат за анализа според највисоки етички стандарди. Беа запознаени дека дискусиите и интервјуата се снимаат за белешки и дека снимките ќе бидат избришани по комплетирањето на релевантните резултати. Учесниците/учесничките исто така беа информирани дека нивниот придонес ќе биде синтетизиран во истражувачкиот труд и дека податоците кои се сметаат за релевантни во истражувањето ќе се користат исклучиво за статистички цели и во агрегирана форма.

## 1.5. Ограничувачки фактори

Општо земено, кај партиципативните пристапи треба внимателно да се земе предвид можната пристрасност на истражувач(к)ите. Младите истражувач(к)и вклучени во овој проект вложија големи напори за да ги согледаат своите пристрасности, но и да сфатат кој би бил најдобриот пристап кон дискусиите, со цел да се овозможи безбеден и отворен простор за размена на перспективите и да се даде подеднаква можност за сечиј глас да биде слушнат. Специфичните ограничувања на методологијата се разгледауваат подолу.

**Земање примероци.** За прашалникот е применета стратегијата на земање примероци снежна топка, која со себе го носи ризикот од добивање нерепрезентативни или неурамнотежени примероци. Во практиката, тоа може да се забележи кај отстапувањата во реалните димензии на примероците добиени по земја и територија, во споредба со предвидените целни димензии, како и во значително повисоката стапка на испитаничките во споредба со испитаниците. Иако беа вложени напори да се допре до малцинските групи, крајните примероци можеби не се репрезентативни. Фактот што консултациите со физичко присуство се одржуваа во големите урбани центри, може да претставува пречка за учеството на оние што живеат надвор од тие подрачја. Конечно, со оглед на тоа што примероците за сите активности беа самоселективни, значајно е и ограничувањето во врска со степенот на нивната репрезентативност за севкупната целна популација.

Контекстуални согледувања**.** Сложените и предизвикувачки историски и културни контексти опфатени во опсегот на истражувањето, како и чувствителните теми за кои се дискутира, бараат големо внимание во однос на управувањето. Покрај тоа, можен предизвик е да се обезбеди учесниците/учесничките да чувствуваат дека се заштитетни кога зборуваат за одредени прашања или кога откриваат чувствителни информации. Временските ограничувања веројатно не дозволија да се овозможи целосно отворен простор за дискусија, да се додели подеднакво време за зборување на сите учесници/учеснички и да се обезбеди соодветно внимание за секоја тема.


United Nations
UN WOMEN
YOUth
EQUAL IS MORE.



# ПРЕДИЗВИЦИ ЗА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ И СОЦИЈАЛНАТА КОХЕЗИЈА ВО РЕГИОНОТ

# 2

# 2. ПРЕДИЗВИЦИ ЗА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ И СОЦИЈАЛНАТА КОХЕЗИЈА ВО РЕГИОНОТ

Во фокусот на ова истражување се перцепциите и ставовите на младите околу родовата еднаквост и социјалната кохезија, како и утврдувањето на главните предизвици и пречки за постигнување одржлив мир во регионот. Секоја земја или територија (Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Северна Македонија и Србија) има свој специфичен политички и културен развој и се соочува со конкретни предизвици, но резултатите од истражувањето откриваат многу сличности и паралели во карактеристиките на предизвиците за кои се смета дека се од клучно значење за социјалната кохезија.

Општа карактеристика за регионот се ефектите од социјалната и политичката транзиција што следеа по распадот на Југославија и падот на режимот на Енвер Хоџа во Албанија кон крајот на 1980-тите. Етничките конфликти придружени со политички промени – маркетизација и демократизација, со неолиберален капитализам што го замени системот на социјална заштита во социјализмот, го променија општественото ткиво на овие општества и со себе донесоа бројни предизвици.

Крајот на 20-от век беше обележан со масовни човечки катастрофи, злосторства против човештвото, родово базирано насилство, економска и културна деструкција, сиромаштија, антагонизирачки и конкурентни наративи за минатото, нарушени односи и доверба. Родовата димензија на оваа транзиција се рефлектира во порастот на хегемонистичката и милитантна мажественост, повторното воведување на патријархалните односи и етнизацијата на родовите улоги и родовите режими, потиснувањето на жените кон приватната сфера на животот и значителното опаѓање на учеството на жените во јавниот живот и политиката (Hughson-Благојевиќ, 2012; Спахиќ Шиљак, 2012; Berna, 2014; Dauti и Zhllima, 2016).

**Хегемонистичка и милитантна мажественост.** Еден од предизвиците, особено за младите, е наследството на милитантната мажественост што во одредена мерка се одржува преку формалното образование, културните манифестации, медиумите, некои религиозни наративи и раздорното комеморативно обележување на конфликтите. Понекогаш во рамките на образованието, религијата и семејството, на децата уште од рана возраст воените херои и воените злосторници им се претставуваат како примери за однесување, што се смета за начин за зајакнување на нивните национални, етнички и религиозни идентитети (Soldo и др., 2017).

Како што заклучува Roberto Belloni: „сè, од поздрав до фудбалски маици се користи за да се идентификува нечија етничка припадност и религиозно убедување“ (2013, 284).

Преку општествено изградените родови улоги, на мажите и жените им се доделуваат машки и женски карактеристики, кои пак се разликуваат во зависност од културниот и политичкиот контекст. Меѓутоа, „мажественоста не е само општествен конструкт. Таа е и политичко оружје“ (Dolan, 2011, 135), и тоа многу моќно и деструктивно оружје за време на конфликтите во регионот. Идеализираниот машки модел многу често се прикажува како маж во униформа - војник, пилот, полицаец итн. - но и како и цврсто момче кое поседува мускули, пари и моќ. Ако на оваа слика се додадат воените ветерани, хероите или воените злосторници, мажественоста цврсто се втемелува во имиџот на насилни мажи кои знаат како да освојуваат, бранат, штитат и да ја направат горда својата нација. Така, „моделот на идеализирана мажественост е тесно поврзан со оружјето, насилството и моќта над жените“ (Божаниќ, 2016).

**Родово базираното насилство (РБН).** РБН е уште еден предизвик во сите пет истражувани земји и на територијата, а тесно е поврзано со хегемонистичката милитантна мажественост. Група активни истражувач(к)и во регионот открива дека различните форми на родово базирано насилство управуваат со животите на многу жени и сексуални малцинства, но и со мажите. Една неодамнешна студија во регионот покажува дека родово базираното насилство преовладува на универзитетите и дека „е резултат на интернализиран сексизам и прифаќање на родовите стереотипи кои постојат во процесите на социјализација и во културата“ (Спахиќ Шиљак и др., 2022, стр. 21.).

Други студии (Susmel, 2019; Попадиќ и др., 2019; Истражување на ОБСЕ од 2019; Реактор истражување 2020; Вученовиќ, 2022) исто така сугерираат дека родово базираното насилство е распространето на работа, дома, кај односите во романтичните врски, како и во училиштата, што значи дека жените, младите, сексуалните и другите малцинства се доведени во особено ранлива положба. Институциите во сите земји и на територијата де јуре гарантираат родова еднаквост и заштита од насилство, но де факто, правниот систем не функционира, а културните норми на обвинување и срамотење ги спречуваат жртвите да пријават насилство. Општествата кои толерираат родово базирано насилство и чија култура ја оправдува хегемонистичката и токсична мажественост не можат да постигнат суштинска социјална кохезија.

**Недоволна застапеност на жените во политиката и на позициите на одлучување.** Политичкото учество на жените во регионот било значително намалено по 1990-тите, со само 2 - 4% застапеност на жените во парламентите и позициите на одлучување (во споредба со 24% загарантирани по Втората светска војна). Таквото исклучување од јавниот живот ја наметнува потребата жените повторно да ги побараат и стекнат своите политички права (Спахиќ Шиљак, 2012). Во последните две децении усвоено е соодветно законодавство - закони за родова еднаквост - а формирани се и државни органи задолжени за родова еднаквост, кои имаат свои стратегии за унапредување на родовата

еднаквост. Сепак, жените остануваат недоволно застапени во извршната и законодавната власт и често служат само како модели во излози или како марионети за промовирање на одредена политичка идеологија или за стекнување моќ. (Browne, 2017).

**Корупција, говор на омраза, етничка и расна дискриминација.** Други заеднички именители за петте истражувани земји и територијата се распространетата корупција, говорот на омраза и етничката и расната дискриминација. Со студијата се потврдува дека корупцијата го спречува развојот и напредокот, што е е една од главните причини за одливот на младите мозоци од регионот.

Во коруптивни општества, тешко е да се негуваат доверба и солидарност и да се изгради систем на социјална заштита што ќе се грижи за помалку привилегираните. Индексот на перцепција за корупцијата во регионот е под оној во земјите на ЕУ 27 (Feruni и др., 2020), што значи дека корупцијата доведува до штетни последици за човековиот развој, одржливиот мир и социјалната кохезија.

Младите од овој регион потврдуваат дека дискриминацијата заснована на етничка припадност, религија, раса, пол и сексуалност е сеприсутна и често придружена со говор на омраза, ксенофобија, расизам, сексизам и хомофобија. Ромите, етничките и сексуалните малцинства се особено погодени, при што жените од овие групи се најпогодените, бидејќи се малцинство во рамките на малцинствата.

## 2.1. Перцепции на младите за родовата еднаквост и социјалната кохезија

За време на локалните консултативни дискусии во петте земји и на територијата, младите учесници/учеснички беа прашани како ја разбираат родовата и социјалната кохезија. Наместо стандардизирани прашања, младите истражувач(к)и користеа интерактивен софтвер (SLI.DO), кој им овозможи индивидуално да ги вметнат зборовите за кои сметаат дека се тесно поврзани со овие два концепти.

***Кога ќе помислите на „социјална кохезија“, кои зборови ви паѓаат на ум?***[12]




*Приказ 5. Облак од зборови за социјална кохезија*

Често повторуваните поимите за кои младите истакнуваат дека се поврзани со социјалната кохезија, конкретно укажуваат на фактот дека значителна важност им се придава на солидарноста и еднаквоста, соживотот, довербата, емпатијата и меѓусебното разбирање, единството, интерсекционалноста и интеракцијата, соработката и заедничкото делување, инклузивноста и вклученоста.

[12] *Инклузија, соживот, интерперсонални односи меѓу општествените групи, социјална инклузија, учество, поддршка на заедницата, намалување на сиромаштијата, етничка припадност, солидарност, интеракција, толеранција, родова еднаквост, еднаквост, различност, реципроцитет, интеграција, активизам, доверба, култура, поврзаност, алтруизам, толеранција, соработка, разбирање, заедница, комуникација, мултикултурализам, мир, хармонија, емпатија, кохезија.*

Сè на сè, овие термини ги одразуваат перцепциите за социјална кохезија на учесниците/учесничките, како припадници/припаднички на општество кое се карактеризира со меѓусебна поврзаност, колективна поддршка, еднаков третман и можности, како и чувство на заедништво. Тоа е во согласност со горенаведената дефиниција за социјална кохезија и дефинициите од други студии на ОН (UNDP, 2020) во кои се нагласуваат интеракцијата, довербата, солидарноста и соработката низ разновиден социјален и политички спектар. Специфичните одлики на истражуваните земји и територијата по ова прашање се детално опишани подолу.

**Албанија.** Учесниците/учесничките го издвојуваат зборот ангажман за социјална кохезија, заедно со зборовите групи и социјална интеракција. Како што објаснија младите за време на локалните консултации, албанското општество се соочува со низок степен на социјална кохезија. Во таа смисла, младите сугерираат дека социјалната кохезија треба да се изгради преку социјален ангажман и волонтерство.

**Босна и Херцеговина.** Учесниците/учесничките утврдија дека зборовите разбирање и еднаквост се тесно поврзани со социјалната кохезија. Со оглед на тоа дека БиХ е етнички поделена и низ нејзиното постконфликтно закрепнување социјалната кохезија беше внесена помеѓу трите главни етнички групи (Бошњаци, Срби, Хрвати) и другите (малцинства, според Уставот), младите сметаат дека разбирање е клучниот збор што треба да се промовира во БиХ.

**Косово.** Заедно со изразите меѓусебна поврзаност и солидарност, единство е зборот што се чини како релевантен за социјалната кохезија. Перцепцијата на младите е условена од општеството и лоцирана е во него, што може да биде показател дека долготрајните политички тензии во регионот можеби влијаеле на нивните перцепции, поради што единство се појавува како збор што го обојува општественото и политичкото ткиво на живеењето.

**Северна Македонија.** Фокусот на учесниците/учесничките беше да се одржи интерсекцискиот поглед на концептите, како на пример да се поведе сметка за контекстот на маргинализираните групи – поради што солидарност е зборот што се појавува како клучен за социјалната кохезија. Спротивставувајќи се на наметнатите наративи за етничките поделби, младите сметаат дека солидарноста е начин на кој тие ќе можат да се ангажираат во општествените промени.

**Србија.** Двата збора кои ја објаснуваат социјалната кохезија се соработка и еднаквост. Секој општествен и политички контекст ги обликува перцепциите и ставовите на граѓаните, па така и младите во Србија се производ на општественото и политичкото милје, кое е оптоварено со недостиг на соработка со земјите и територијата по конфликтите во 1990-тите. Со исклучок на Албанија, сите истражувани земји и територјата порано биле дел од Социјалистичка Федеративна Република Југославија; по нејзиното распаѓање, соработката со другите земји и територијата е поматена поради нерешениот конфликт во регионот.

Зборот род е поврзан со неколку сродни зборови што ги издвоиле младите, што укажува на начинот на кој мнозинството го разбира тој термин и неговите импликации.

***Кога ќе помислите на „родова еднаквост“, кои зборови ви паѓаат на ум?*** [13]




*Приказ 6. Облак од зборови за родова еднаквост*

Често се спомнува и концептот на човекови права, како општа идеја, но и во врска со идеите за еднаквост, еднакви можности, еднакви права и правичност. Младите го поврзуваат родот со еднаквите права и можности, што покажува дека родот и човековите права се меѓусебно поврзани термини кои се надополнуваат еден со друг.

[13] *Поделба на домашна работа, родова еднаквост, еднаквост, солидарност, соработка, еднакви шанси, инклузивност, еднаквост меѓу мажите и жените, почитување, еднакви позиции, разбирање, еднакви можности, поврзаност, социјална правда, еднакви родови права, овластени жени, родова еднаквост во јазикот , неправда, права на еднаквост, феминизам, демократија, родова хармонија, слобода, насилство, учество, индивидуален напредок, дискриминација, недискриминација, еднаква плата, родово базирано насилство.*

Неколку учесници/учеснички посочија и зборови кои се однесуваат на идеите за женска борба, насилство, абортус, неправда и дискриминација (младите истражувач(к)и сугерираат дека тоа веројатно укажува на поврзаноста на учесниците/учесничките со доживаните искуства), како и хармонија, хуманост, храброст, оснажување на жените, вклученост, индивидуален напредок, демократија, како и социјална правда.

Генерално, овие одговори укажуваат на свеста кај учесниците/учесничките за концептот на родова еднаквост. Младите знаат што е родова еднаквост и каква треба да биде, така што со тој концептот поврзуваат одредени клучни поими релевантни за нивниот контекст. Најчесто, таквите клучни зборови се поврзани со принципите на правичност, правда, еднаквост на можностите и елиминација на хиерархиските структури на моќ.

Вкрстената анализа на овие одговори веќе сугерира дека постои поврзаност помеѓу социјалната кохезија и родовата еднаквост што се искажува и во гледиштата на младите луѓе од регионот. Во одговорите на двете прашања навистина може да се забележат концепти што се повторуваат. Конкретно:

- Се смета дека инклузивноста е суштински поврзана и со социјалната кохезија и со родовата еднаквост;

- Зборот хармонија се појавува во врска со социјалната кохезија, но и како родова хармонија во врска со родовата еднаквост;

- Човекови права - се смета дека и социјалната кохезија и родовата еднаквост се поврзани со уживањето на човековите права.

Таквата меѓусебна поврзаност помеѓу социјалната кохезија и родовата еднаквост беше во фокусот на дискусиите за време на локалните консултации.

## 2.2. Фактори кои ја поткрепуваат родовата еднаквост и социјалната кохезија

Општо земено, дискусиите, во комбинација со квантитативната анализа на податоците, покажуваат дека учесниците/учесничките ја препознаваат важната улога на родовата еднаквост како придонес кон социјалната кохезија и градењето поправедни општества. Меѓутоа, во некои земји и на територијата младите ја согледуваат родовата еднаквост како агенда што е контрапродуктивна за постигнување социјална кохезија. На сликата подолу е даден резимиран приказ на распределбата на перцепциите кај младите во врска со прашањето кои фактори помагаат за остварување на посилно и поправедно општество.

***Според ваше мислење, кој од следните фактори помага во градењето посилни и поправедни општества? Ве молиме изберете ги трите најзначајни***




*Слика 1. Фактори кои помагаат во остварувањето посилни и поправедни општества*

Анализата на комбинираните податоци за сите земји и територијата во регионот покажува дека најпопуларни опции во целиот регион се **еднаков пристап до квалитетно образование и еднакви можности за вработување.** Родовата еднаквост го зазема третото место, а мошне блиску по неа следува еднаквиот пристап до здравствена заштита. Верските слободи се убедливо најмалку популарна опција, додека слободниот пристап до информации е втората најнепопуларна опција.

Кога се во прашање возраста и религијата, анализата на расчленети регионални информации покажува значителни статистички разлики во однос на степенот на наклонетост кон опцијата за родова еднаквост: конкретно, кај лицата на возраст од 26-30 години, постои поголема веројатност да стават нагласок на родовата еднаквост; понатаму, кај оние кои се идентификуваат како религиозни или агностици помала е веројатноста дека ќе ја изберат родовата еднаквост, за разлика од оние кои се идентификуваат како атеисти или други.

На слика 1. погоре прикажан е преглед расчленет по земји и на територијата, со процент на учесници/учеснички кои ја избрале секоја од опциите како една од трите можни. Во сите земји и на територијата пристапот до образование се препознава како многу важен, како и пристапот до еднакви можности за вработување. Меѓутоа, се јавуваат интересни разлики кога станува збор за родовата еднаквост. Испитаниците/испитаничките во Албанија и БиХ ја избирале оваа опција поретко од оние на Косово, во Северна Македонија и Србија. Во Албанија, третиот најпопуларен одговор бил слободата на изразување, опција која била релативно помалку истакнувана на други места.

Таквите несовпаѓања на резултатите може да се поврзат со заклучоците извлечени од анализата на дискусиите во рамките на локалните консултации. На локалните консултации во Албанија, стравот бил често спомнуван низ дискусиите за јавното изразување ставови во врска со релевантните прашања за еднаквост и социјална кохезија, особено **стравот од казна.**

Учесниците/учесничките на локалните консултации во Албанија покажуваа воздржаност во однос на дискусиите и споделувањето мислења, поради страв од негативни последици, што се должи на наследството од тоталитарниот албански режим (Kuci 2023), нешто што тие честопати го занемаруваат. Младите ги воочуваат недостигот на доверба и немањето чувство на припадност и единство, така што и тие концепти често се споменуваат во контекст на изразувањето ставови и дејствувањето во однос на еднаквоста. Овој факт, во комбинација со дополнителната квантитативна анализа која покажува значителен недостиг на меѓугенерациска доверба, укажува на можната причина зошто слободата на изразување се смета за толку важен прв чекор и камен-темелник за праведно општество, во споредба со другите земји и територијата.

Покрај тоа, дискусиите за време на локалните консултации ја изнесоа на виделина перцепцијата што ја изнесоа младите албански учесници/учеснички дека на други места се разговара за иста-плата-за-иста-работа и за застапеност на жените во лидерски улоги, додека **во Албанија луѓето сè уште се фокусираат на прашања поврзани со правото да се живее безбедно, без насилство и во благосостојба.** Можеби затоа безбедноста и просперитетот се согледуваат како приоритети, или како неопходен прв чекор, пред да се размислува за родовата еднаквост, што исто така може да биде фактор за релативно слабиот акцент на родовата еднаквост во квантитативното истражување.

Резултатите од истражувањето за БиХ покажуваат дека силно се нагласуваат образованието и можностите за вработување, без особено силен кандидат за третата најпопуларна опција. Всушност, младите покажуваат голема загриженост во врска со социо-економските прашања во земјата, особено околу тешкотиите при наоѓањето вработување. Сепак, младите зборуваат и за тензии кои родовата еднаквост ги предизвикува во патријархалните општества. Родовата еднаквост понекогаш се доживува како субверзивен механизам кој ја загрозува социјалната кохезија и придонесува кон понатамошна поларизација. Затоа и не се вреднува како обединувачки механизам.

„Родовата еднаквост може да ѝ наштети на социјалната кохезија и да доведе до натамошна поларизација меѓу општествените актери кои се означени како конзервативни и оние кои се попрогресивни, така што во таа смисла, зборувајќи на долг рок, родовата еднаквост може да биде фактор што ја зајакнува социјалната кохезија, но може да доведе и до понатамошно раслојување во рамките на општеството“.

*Учесник/учесничка на локални консултации, Босна и Херцеговина*

Исто така, учесниците/учесничките сметаат дека родовата еднаквост претставува фактор на поделба затоа што забележуваат дека спомнувањето такви теми меѓу луѓето со спротивставени ставови води кон непријателство, дури и агресивно однесување, наместо кон конструктивна дискусија. Тоа е знак на анти-родови чувства и реакција што е во подем низ цел свет.

Конечно, во поглед на загриженоста околу неправдата во поширока смисла, младите во БиХ изразија одреден скептицизам и во врска со програмите чија цел е да ја поттикнат родовата еднаквост и социјалната кохезија. Тие се согледуваат како иницијативи од привилегираните за привилегираните, наместо да допрат до оние кои се истински жртви на системот и се наоѓаат на маргините на општеството. Еден(-на) учесник/

учесничка конкретно изјави дека иницијативите на НВО во оваа насока се сметаат за „комерцијализирана агенда“.

Треба да се напомене дека генерално, учесниците/учесничките на локалните консултативни дискусии во Албанија и во БиХ, се согласија дека треба да се истакнат еднаквите можности за мажите и жените.

Локалните консултации во Србија покажаа дека учесниците/учесничките главно се согласуваат околу тесната поврзаност на родовата еднаквост со демократијата, иако немаше консензус за тоа што доаѓа прво, или подобро кажано, дали демократијата е предуслов и прв чекор кон родовата еднаквост или обратно. Тие сметаат дека демократијата е темелна особина на општеството, па затоа треба да се зајакне за да се постигне родова еднаквост и социјална кохезија.

Дискусијата исто така покажа дека постои согласност околу недостигот на политичка волја за сериозно справување со проблемите на родовата нееднаквост во српското општество. Учесниците/учесничките изјавија дека еден од проблемите со сите овие концепти е тоа што „обичните луѓе“ ги доживуваат како нешто туѓо, апстрактно и увезено однадвор, што е интересна паралела со некои од горенаведените забелешки воочени на консултациите во БиХ. **Покрај тоа, учесниците/учесничките на консултациите во Србија истакнуваат дека земјата има многу закони што би требало да обезбедат родова еднаквост, но тие закони мошне често не се спроведуваат или не се применуваат.**

Низ дискусиите на Косово и во Северна Македонија родовата еднаквост беше истакната како камен-темелник на социјалната кохезија и демократијата. На Косово, учесниците/учесничките генерално го нагласуваат позитивното влијание на родовата еднаквост врз инклузивноста, наведувајќи дека поголемата еднаквост води кон интеграција и инклузивност во општеството.

Поточно кажано, повеќето учесници/учеснички потврдуваат дека иако е постигнат напредок во поставувањето на темелите на овие концепти, сè уште има простор за понатамошен развој преку активности за подигање на свеста. Покрај тоа, **учесниците/учесничките сметаат дека од сите проблеми со дискриминацијата кои се присутни на Косово, родовата нееднаквост и расната дискриминација се главните пречки за социјалната кохезија.** Тие ја истакнуваат важноста од подигањето на свеста и збогатувањето на знаењата за овие концепти, бидејќи многу жител(к)и на Косово мислат дека родовата еднаквост се однесува само на правата на жените.

Во секој случај, на консултациите на Косово беше истакнато дека постои голема потреба да се поведе дискусија за правата на жените и феминизмот, со цел да се овозможи поголем напредок кон социјалната кохезија во целост. Се препознава потребата за подлабок пристап, за да не се остане само на едноставното зголемување на бројот на жени во парламентот. Се нагласува дека треба да се посвети внимание на маргинализираните групи во рамките на LGBTQIA+ заедницата, вклучувајќи ги лезбијките и жените од одредени етнички групи. Сè на сè, учесниците/учесничките се согласуваат околу големото значење на родовата еднаквост во промовирањето на социјалната кохезија.

На консултациите во Северна Македонија беше забележано дека општествените разлики обично се разгледуваат во однос на религијата и етничката припадност, но и дека треба систематски да се води сметка за родот, со цел да се постигне социјална кохезија. **Учесниците/учесничките зборуваа за интерсекциски пристап, така што предвид ќе се земат факторите како што се структурното насилство и општествените норми, зашто сметаат дека таквиот пристап претставува клучен аспект за подобрување на родовата еднаквост.** Специфичноста на ова гледиште се огледува во фактот што концептот на интерсекционалност не е вообичаена тема во медиумите или меѓу младинските активист(к)и, како идеја што припаѓа на доминантните општествени дискурси, што укажува дека меѓу младите е постигнато подобро разбирање на родовата еднаквост. Влијанието на родовата еднаквост врз социјалната кохезија е најзабележително во областите како што се образованието и пристапот до ресурси, особено за маргинализираните групи како што се жените од ромската заедница.

Младите учесници/учеснички разговараа за тоа дека дискриминацијата спрема Ромките се манифестира на работно место, во јавните институции и нивниот пристап до социјална помош. Тие, исто така, ја споменаа важноста од формирањето локални заедници во ромските населби. Една девојка сподели дека во локалните органи на власта во Радовиш (мал град), за првпат Ромките заземаат функции на кои традиционално доминираат мажите. Тие беа во состојба да ја поврзат важноста на застапеноста со донесувањето и изработката на поправедни политики за маргинализираните групи и креирањето платформи за споделување различни ставови на локално ниво. Како што забележала феминистичката теоретичарка Judith Lorber уште одамна (1998), постои различна социјална „мапа“ за мажите и жените од иста расна група која ги раслојува и ги позиционира жените на маргините, внатре во маргините, на малцинските расни или етнички групи. Иако образованието и богатството се во корелација со позициите на моќ во јавниот живот и политиката, жените, а особено жените од малцинските групи, се соочуваат со повеќе предизвици отколку мажите. (Judis & Teixeiria, 2002)



## 2.3. Меѓугрупни односи и социјална кохезија

Кај меѓугрупните односи се забележува интересен образец на изнесени ставови помеѓу младите учесници/учеснички во истражувањето. Иако повеќето млади живеат во етнички хомогенизирани општества, мал процент од нив се согласуваат дека е полесно да се живее во овие заедници отколку во мултикултурни, што е знак на надеж дека младите ја претпочитаат различноста, наспроти монокултурното опкружување.

**Кој (или кои) од овие искази се вистинити за вас и вашите ставови? Можете да изберете повеќе од една опција**




*Слика 2. Меѓугрупна доверба и пристапно однесување (I)*

Општо земено, во сите земји и на територијата, мошне висок процент од испитаниците/испитаничките изјавуваат дека имаат пријател(к) и од различни етнички и религиозни групи. Сепак, во сите земји и на територијата, освен во Албанија, како што расте степен на интимност кај таквите врски, во однесувањето се појавува јасен образец на зголемена социјална дистанца. Иако над 80% од младите изјавиле дека имаат пријател(к)и од различни етнички и религиозни групи, се забележува нагло опаѓање кога станува збор за прашањето дали се збавувале (над 50%) или би сакале да се забавуваат со некој/а надвор од сопствената етничка и/или религиозна група. Кога е во прашање бракот, тој процент уште повеќе се намалува.

Како пример можат да послужат резултатите добиени кај жител(к)ите на Босна и Херцеговина, каде 74% од учесниците/учесничките имаат пријател(к)и од различни етнички и религиозни групи, но само 40% имале или би размислиле да имаат романтична врска со некој/а од различна етничка и/или религиозна група. Згора на тоа, само 33% би биле подготвени да стапат во брак со некој/а надвор од нивната етничка и/или религиозна група.

Меѓуетничките бракови често се стигматизирани и не се во согласност со општествените норми. Мотивите за неподготвеност на младите да стапат во интимни односи надвор од својата етничка и/или религиозна група не беа квалитативно истражени во оваа студија, но од претходното истражување произлегува дека неодобрувањето на родителите е меѓу главните причини за образецотна однесување со зголемена социјална дистанца (Turjačanin и др. 2017).

Слични обрасци може да се забележат и кај одговорите од Косово, Северна Македонија и Србија, со тоа што општеството во Северна Македонија не е само мултиетничко, туку и мултиконфесионално и повеќејазично, а најновите податоци покажуваат дека етнички мешаните бракови сочинуваат околу 7% од сите бракови (Авировиќ-Бундалевска , 2021). Во таа смисла, резултатите од истражувањето даваат поохрабрувачка слика. Сепак, значителен процент од испитаниците/испитаничките исто така се согласни дека се забележува општ тренд луѓето повеќе да се дружат во рамките на сопствените етнички и/или религиозни групи.

Според неодамнешното истражување на Musine Kokalari (2023) од ИПС (Институт за социјална политика), слична е состојбата со социјалната дистанца и на Косово. Истражувањето открива значителни меѓуетнички тензии што се припишуваат на историските конфликти, социополитичките разлики и опстојувачките стереотипи. Иако се чини дека постои одредена отвореност за професионална соработка надвор од етничките граници, живеењето во близина не се прифаќа толку добро. Наодите откриваат значителна социјална дистанца, при што 65% од Албанците и 63% од Србите изразуваат барем одредена непријатност од претпоставената можност да живеат едни покрај други.

Од консултациите во Србија и од длабинските интервјуа може да се заклучи дека меѓугрупните односи се тесно поврзани со негативните наследства од минатото. Еден(-на) од интервјуираните го објасни тоа:

„Сè уште сме засегнати од конфликтите, особено постарите генерации. Се чини дека тие се некако заробени во таа омраза, но за среќа тоа се менува кај помладите генерации. Соработувам со луѓе од други места во регионот, но ние всушност не се занимаваме со тоа. Се фокусираме на други работи“.

*Учесник/учесничка во длабинско интервју, Србија*

Истиот/истата соговорник/соговорничка изјавува дека иако нема проблеми да воспоставува врски со различни етнички и/или религиозни групи, многу од пријател(к)ите не го прават тоа; тоа се припишува на фактот дека младите луѓе некритички ги прифаќаат наративите пренесени во семејството, како што може да се види од следниот цитат:

„Многу млади луѓе се дезинформирани и ги прифаќаат работите од семејството без критичка поглед“.

Учесник/*учесничка* во длабинско интервју, Србија

Тука евидентно се појавува образецот на социјална дистанца**, поврзана** со негативните наследства од минатото кои**,** меѓу останатите, ги одржуваат постарите генерации. Подолу се дадени квантитативните резултати од збир на прашања во однос на информациите на кои се изложени анкетираните учесниците/учесничките во кругот своите семејства, а во врска со конфликтите од минатото и меѓуетничките тензии.

## *Кој (или кои) од овие искази се вистинити за вас и вашите ставови? Можете да изберете повеќе од една опција*




*Слика 3. Меѓугрупна доверба и пристапно однесување (II)*

Треба да се напомене дека овие прашања се однесуваат на мошне различни историски контексти во секоја земја и на територијата. На пример, иако според овие резултати се чини дека постарите генерации во Албанија не разговараат за минатото, на прашањето додадено специјално за земјите и територијата со значително албанско население, 64% од испитаниците/испитаничките жител(к)и на Албанија и 10% од оние кои живеат на Косово изјавиле дека нивните родители зборуваат за прогоните и злосторствата на режимот на Енвер Хоџа, што се совпаѓа со забележаните податоци од локалните консултативни дискусии.

Општо земено, секоја етничка група повеќе зборува за злосторствата и насилствата што тие ги претрпеле, а помалку за злосторствата што нивната група ги вршела над други. Културата на сеќавање и справување со минатото е исклучиво етнички ориентирана и нема премногу подготвеност да се препознаат страдањата и болката на другите.

Вкрстената анализа на овој сегмент од прашалникот покажува статистичка значајност во однос на подрачјето на живеење (рурално наспроти урбано), возраста и религијата. Кај испитаниците од руралните подрачја помала е веројатноста да имаат пријател(к)и од различни етнички и/или религиозни групи, а уште помала е веројатноста да изјават дека би се забавувале / се забавувале, или дека би стапиле во брак со некој од различна етничка и/или религиозна група. Овој податок не изненадува, бидејќи во руралните подрачја вообичаено живеат похомогени, или помали и позатворени заедници.

Кога станува збор за религијата, нема разлика во однос на меѓуетничките и/или меѓурелигиските пријателства; сепак, кај оние кои се декларираат како религиозни помала е веројатноста да кажат дека се забавувале / би се забавувале или би стапиле во брак со некој/а од различна етничка и/или религиозна група. Тоа се совпаѓа и со преовладувачкото мислење кај луѓето што практикуваат религија дека бракот надвор од нечија религиозна група не е во согласност со она што го пропишува нивната религија. Тоа го потврдуваат и истражувач(к)и (Pratto и др., 2018) кои претходно работеле на ова поле.

Во врска со возраста, кај постарите учесници/учеснички, особено оние на возраст од 26-30 години, постои поголема веројатност да воспостават пријателства надвор од сопсвената етничка/религиозна група, а покрај тоа, тие се и поподготвени и/или поискусни во однос на интимните односи. Сепак, на тоа можеби влијае фактот што овие учесници/учеснички, поради нивната возраст и животното искуство, биле изложени на поширок и поразновиден круг на луѓе и имале повеќе искуство во воспоставувањето интимни односи.

Следните прашања ја рефлектираат социјалната кохезија како функција на солидарноста и поддршката во локалните заедници и населбите, разговорите за заеднички активности и изнаоѓањето решенија за заедницата, како и слободата на изразување мислења и стекнувањето доверба.

Се чини дека фактот што се нагласува во горенаведената слика коинцидира со оној што се потенцира на консултациите во Албанија, односно дека високиот степен на индивидуализам и изолација се главните фактори за недостигот на социјална кохезија, бидејќи испитаниците/испитаничките кои живеат во Албанија со помала веројатност би се согласиле со изјавата „Во моето соседство, познавам луѓе кои се подготвени да ми помогнат кога ќе ми треба". Оваа изјава главно добива мошне високо ниво на согласност во другите земји и на

**Кој (или кои) од овие искази се вистинити за вас и вашите ставови? Можете да изберете повеќе од една опција**




*Слика 4. Меѓугрупна доверба и пристапно однесување (III)*

територијата. Тоа пак е во остра спротивност со другите две изјави што се прикажани на Слика 4 – кога е во прашање здружувањето на луѓето во населбите и заедниците, заради решавање проблеми или споделување на проблеми и лични искуства, според перцепциите на испитаниците/испитаничките се чини дека тоа ретко се случува.

Сто тоа е во склад со ставовите изнесени на регионалните и локалните консултации дека недостига безбеден простор за младите да се собираат и да разговараат за прашања кои се релевантни за нив, како и со наодите од локалните консултации според кои младите постојано ја истакнуваат потребата за поголем степен на здружување меѓу луѓето, со цел да предизвикаат промени во нивната заедница или општеството во целина. Испитаниците/испитаничките изразуваат поголема доверба во луѓето околу нив кога станува збор за поединечни случаи на потреба од помош, отколку кога станува збор за единство при решавање на проблеми и за дискусии кои, според нив, може да доведат до спротивставени гледишта.

Тоа е исто така доказ дека луѓето во регионот немаат развиено чувство за активно и одговорно граѓанство. Тие најмногу се потпираат на традиционалните концепти на комшилук (соседство) и индивидуална поддршка што луѓето би ја пружиле еден(-на) на друг/а (Bringa 1995), но свеста за активно граѓанство е многу ниска, што е показател за потребните насоки на идните политики и иницијативи за човекови права.

## 2.4. Влијание на негативните наследства од минатото

Како што е наведено во претходниот дел, негативните наследства од минатото оретставуваат категорија на која најчесто ѝ се припишува дека е една од пречките за постигнување родова еднаквост. За време на консултациите во Албанија, учесниците/учесничките изјавуваат дека сѐ уште постојат одредени очекувања од мажите и жените, како и поделба на трудот помеѓу нив, што влијае на нивните улоги во образованието и професионалните области. Предмет на дискусија беше влијанието на традиционалните родови улоги, при што предвид зе земаа сеќавањата на минатото, а се изнесуваа и примери за тоа како однапред дефинираните улоги можат да ги ограничат можностите и за мажите и за жените. Додека се деконструираа традициите и наследствата од минатото, беше формулирано и мислењето дека албанското општество се бори против таквото минато, но сѐ уште ги покажува и ги поддржува културните и патријархалните норми.

**Негативните наследства** од минатото се поврзани со патријархалната култура, која според учесниците/учесничките сѐ уште мошне силно одекнува во реалноста на жените и мажите во Босна и Херцеговина. Покрај тоа, учесниците/учесничките го изразуваат своето уверување дека социјалните очекувања во нивната земја се обликуваат во согласност со традиционалните родови улоги, кои се доживуваат како камен-темелник на здраво општество, засновано на семејни вредности. Учесниците/учесничките се согласуваат дека жените во многу случаи се главните чувари на патријархатот, особено оние од претходните генерации. Во таа смисла, проблемот на репродукција на патријархатот преку социјализација и семејно образование е препознаен како значајна пречка за еднаквоста.

„За жал, гледајќи ги мајка ми и баба ми, ми стана јасно дека тие секогаш ги ценеле мажите многу повеќе од жените. На девојка ѝ кажуваат да свари кафе и да чисти, додека на брат ми на пример никогаш не му кажале такво нешто. Нашето минато ѝ создава пречки на нашата сегашност“.

*Учесник/учесничка на локални консултации, Босна и Херцеговина*

Осврнувајќи се на негативните наследства од минатото, учесниците/учесничките на консултативната дискусија во Србија истакнаа дека женското страдање е сосредоточено на улогата на жените како жртви и преживеани од конфликтите, како и на специфичните начини на кои тие наследства влијаат на жените, но не и на другите општествени групи. Исто така, според некои учесници/учеснички конфликтите не се целосно завршени и тие сметаат дека процесите на помирување допрва почнуваат, наспроти популарното мислење според кое помирувањето е при крај. Тоа произведува многу поинаква слика во однос на наследството од минатото и улогата што жените треба да ја имаат во иднина. Во секој случај, се смета дека наследството од конфликтите има негативно влијание врз родовата еднаквост, како што укажува еден(-на) од учесниците/учесничките:

„Во деведесеттите се свртевме кон наративот „ние“ наспроти „нив“, при што беше важно ние да сме супериорни. Верувам дека во такво опкружување, токсичната мажественост почна сè повеќе да се истакнува и се согледуваше како идеален модел, потребен за да се одбрани тој вид на поглед кон нацијата. Во таква ситуација, жените сигурно добија неправеден третман и чувствувам дека таквата состојба трае сè до денес“.

*Учесник/учесничка на локални консултации, Србија*

Во текот на дискусијата за наследствата од минатото и нивното влијание врз родовата еднаквост во општеството на Косово, учесниците/учесничките истакнаа различни аспекти кои сè уште влијаат на родовата динамика. Заедно со наследството од минатото, а следејќи го образецот на однесување од другите консултативни дискусии, тие ги идентификуваа и традиционалните родови норми, како што се општествениот притисок кон жените да останат во домаќинството и лишувањето на девојчињата од образование. Учесниците/учесничките ги истакнаа длабоко вкоренетите општествени норми и културни уверувања според кои приоритет им се дава на машките деца пред женските, со што се одржуваат родовите нееднаквости и се ограничуваат можностите на жените.

Сеопфатната тема што се појави како резултат, се однесуваше на трајното присуство на патријархални менталитети и традиционални норми кои се пречка за напредувањето кон родова еднаквост, а тие се и причина достигнувањата на жените ниту да се признаваат ниту да се ценат. Еден(-на) учесник/учесничка ги поврза овие ставови со историските фактори, како што е индустриската револуција, која создаде нови можности за мажите како работна сила, истовремено засилувајќи ја идејата за неплатената работа на жените во домот како нивна примарна улога. Покрај тоа, за време на дискусијата беше утврдено дека немањето свест и недостигот на образование се фактори со кои се одржуваат нееднаквостите, при што се смета дека општествениот отпор кон подобрување и еманципација потекнува од придржувањето кон истрајните патријархални културни норми.

„Образованието има витална улога во негувањето на критичкото размислување и подигањето на свеста за родовата дискриминација, а промовирањето на родово чувствителни наставни програми може да помогне подобро и критички да се структурираат другите општествени процеси во корист на мнозина".

*Учесник/учесничка на локални консултации, Албанија*

И младите учесници/учеснички во Северна Македонија ги истражуваа прашањата како што се дискриминацијата на жените, генерацискиот конзервативизам, наследството на политиките за родова еднаквост од социјалистичката ера, потребата за застапеност и инклузија на маргинализираните групи, важноста на разбивањето на генерациските трауми и влијанието на неодамнешните конфликти врз дискусиите за мирот.

„Полесно е да се зборува за подалечното минато, а избегнуваме да зборуваме за поновите конфликти и историја, како што е конфликтот во Северна Македонија од 2001 година. Мислам дека тоа сепак во голема мерка влијае на дискусиите за мирот во нашата земја. Недостигаат преводи на одредени важни податоци и феминистички вести и информации. На пример, во однос на протестите на Косово по сексуалниот напад врз малолетничка,[14] поддршката од феминистките во Северна Македонија беше мала. Сè уште сме премногу колебливи да зборуваме за овие прашања кои во голем обем влијаат врз сегашноста".

Учесник/учесничка на локални консултации, Северна Македонија

[14] *Учесникот/учесничката зборува за сексуалниот напад врз 11-годишно девојче на Косово, кој беше проследен со протести во Приштина, Тирана и Скопје, поттикнати од фрустрацијата поради воочениот недостиг на акција од страна на властите во борбата против родово базираното насилство во регионот. (за повеќе информации погледнете Balkan Insight, „За жените на Балканот, дигиталниот простор е меч со две острици", 2023 година, достапно на: https://balkaninsight.*

Тие, исто така ја потенцираат конзервативната природа на општеството во Северна Македонија и фактот дека недостигот на преводи на феминистички вести претставува предизвик во создавањето подобра социјална кохезија меѓу Македонците, Албанците, Ромите, Босанците итн. и не води кон разбирање, соработка и солидарност. Ова е исто така пример за тоа дека дезинформациите може да имаат удел во попречувањето на родовата еднаквост, што повеќе од половина од испитаници/испитанички во квантитативното истражување од Северна Македонија го избраа како значаен фактор.

Еден(-на) учесник/учесничка ја спомна дискриминацијата која ја доживеала во женските организации, како Албанка и муслиманка, а во таа смисла многу учесници/учеснички се согласија дека младите треба да најдат подобри механизми за заедничко дејствување кон родовата еднаквост.

Сè на сè, **евидентно е дека согледувањата забележани низ групните дискусии во сите земји и на територијата укажуваат на перцепција дека негативните наследства од минатото се нераскинливо поврзани со опстојувањето на традиционалните родови норми.** Историскиот контекст и последиците од конфликтите, особено ефектот врз жените и нивната улога во општеството, се согледуваат како главен фактор за опстојувањето на родовата нееднаквост. На пример, постои перцепција дека родовата еднаквост во поранешна Југославија била позастапена, а по нејзиното распаѓање и конфликтите што следеа, направен е чекор наназад, што влијаело и на повторното оживување на патријархалните норми, како што покажуваат некои студии (Hughson -Благоевиќ 2012).

Интересно е и тоа што младите учесници/учеснички посочуваат дека таа врска се одвива во обете насоки, па наведуваат примери кои покажуваат дека адресирањето на проблематиката поврзана со родовата еднаквост, но и со патријархалните конзервативни норми, може да доведе до подобра социјална кохезија помеѓу различните етнички групи, како што може да се види во извадокот од дискусијата во Северна Македонија погоре.

*com/2023/06/07/for-women-in-the-balkans-digital-space-is-a-double-edged-sword/ ). Учесничката ја истакна потребата од поинклузивно медиумско покривање од страна на новинските компании од македонското говорно подрачје и повика на засилено вклучување на македонските феминистки во регионалните прашања за родова еднаквост што ќе обезбеди интерсекциски пристап во нивното дејствување.*




# ПРЕЧКИ ЗА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ И СОЦИЈАЛНАТА КОХЕЗИЈА ОД ПЕРСПЕКТИВА НА МЛАДИТЕ

# 3

# 3. ПРЕЧКИ ЗА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ И СОЦИЈАЛНАТА КОХЕЗИЈА ОД ПЕРСПЕКТИВА НА МЛАДИТЕ

## 3.1. Ригидни родови улоги и стереотипни родови очекувања




*Слика 5. Перцепции на младите за различните очекувања од мажите и жените*

На Слика 5 се прикажани резултатите од делот на прашалникот во кој на испитаниците/испитаничките им се задава прашањето дали сметаат дека културните и традиционалните норми поставуваат различни очекувања за мажите и жените во нивната заедница. Повеќето учесници/учеснички се согласија дека тоа навистина е така.

Едно од наредните прашање во анкетата содржи листа на очекувања и прашање за испитаниците/испитаничките дали тие очекувања главно се однесуваат на жените, на мажите или на обата рода. Резултатите покажуваат дека очекувањата кои најмногу се однесуваат на жените вклучуваат:

- Повеќе време да се поминува во грижа за домаќинството
- Без сексуални односи пред брак
- Стапување во брак на млада возраст
- Раѓање деца на млада возраст
- Вложување време, труд и напори во грижата за семејството

Овие очекувања кои се однесуваат на жените се совпѓаат со патријархалните норми кои се основа за утврдување на примарните улоги на жените, односно раѓање деца и грижа за семејството и домаќинството. Очекувањата што би биле порелевантни за мажите се:

- Непокажување емоции во јавноста
- Да се биде глава на домаќинството
- Да се заработува повеќе од партнерот
- Да се обезбеди финансиска поддршка за семејството

Тоа исто така се совпаѓа со гледиштето за мажите како глави на домаќинството и примарни хранители, како и со нормите според кои постои негативно гледиште за мажите кои се чувствителни и покажуваат емоции. Овие резултати покажуваат дека општествените очекувања од жените и мажите се обликуваат според традиционалните норми, преку дихотомијата давател/негувател. Згора на тоа, регулирањето на машката и женската сексуалност е под диктат на патријархалниот концепт на невиноста, традиционално сфатена како главна предност што ја одредува вредноста на жената. Условот за невиност на женските членки на семејството е поврзан со концептот на „честа" (кој се протега не само до поединецот, туку и на семејството) и поимот „чистота" кон кој жените треба да се придржуваат. Согледувањето на овој наод беше идентично низ сите земји и територијата.

Локалните консултации понудија искуства и перспективи кои ги зацврстуваат овие резултати, покажувајќи дека таквите идеи сè уште преовладуваат и дека младите од целиот регион пораснале со нив. Учесниците/учесничките на Косово и во БиХ ја посочуваат дихотомијата на приватната и јавната сфера на животот, при што се смета дека приватната сфера им припаѓа на жените, додека јавниот живот им припаѓа на мажите. (Hughson -Благојевиќ 2012; Спахиќ Шиљак, 2012; Бабовиќ и Петровиќ, 2021).

Учесниците/учесничките на консултациите истакнуваат дека тие вредности се одржуваат во семејствата, честопати и од други постари жени во семејството, како и низ целата примарна социјализација. Еден(-на) учесник/учесничка од Србија конкретно изрази мислење дека процесот на всадување на овие вредности всушност започнува од моментот на раѓање.Низ консултациите и длабинските интервјуа во БиХ, репродукцијата на патријархатот преку семејното образование и социјализацијата се препознава како мошне изразена пречка за

родовата еднаквост. Таквата репродукција се спроведува под името „вистински семејни вредности“. Младите покажаа висока свесност за тоа дека „природниот поредок на нештата“ воспоставен од патријархатот има штетни ефекти во различни домени на приватниот и јавниот живот. Негативните примери на патријархално воспитување опфаќаат привилегирање на машките пред женските деца, концептот на „машки“ и „женски“ работи, како и барање од децата да дејствуваат во рамките на традиционалните концепти за женственост и мажественост (нпр., девојчињата се поттикнуваат да бидат слатки и корисни, а момчињата да бидат силни и да не ги покажуваат своите емоции). Исто така, се покажува и дека младите луѓе понекогаш ги доживуваат жените од постарите генерации како чувари на патријархалните вредности, како што илустрира и следниот цитат:

„Баба ми е изненадена ако види дека не станувам кога некој ќе влезе в соба [...] Преку образованието и воспитувањето жените се поттикнуваaат да ги покажат своите емоции - во ред е ако плачат и тагуваат или се лутат, додека мажите се учат да ги потиснуваат своите чувства, инаку, нив ќе ги гледаат како мекуши и слабаци. Сметам дека жените, за жал, негуваат патријархалност со тоа што ги воспитуваат машките деца да не прават ништо во куќата, дури ни за себе, додека девојките од друга страна се поттикнуваат да го прават тоа, за да можат да им служат на своите сопрузи кога ќе се омажат,.“

*Учесник/учесничка на локални консултации, Босна и Херцеговина*

Дискусиите во рамките на консултациите во Косово даваат слична слика, при што учесниците/учесничките укажуваат на длабоко вкоренетите општествени норми преку кои им се дава приоритет на машките деца пред женските, со што се одржуваат родовите стереотипи и се ограничуваат можностите за жените. Според младите, негативното влијание на патријархалните традиции се манифестира низ очекувањата жените да се грижат за домаќинството, давањето помалку можности и послабиот фокус на образованието на женските деца. Тие, исто така, укажуваат на фактот дека концептите на чистота и морал се товар што паѓа исклучиво на жените – со што се поткрепуваат системите кои и понатаму го овозможуваат и го оправдуваат насилството врз жените, обвинувањето на жртвите и казнувањето на жените за работи што се сфаќаат како морални престапи. Учесниците/учесничките изразија загриженост и во врска со негативните ефекти од очекувањата за мажите што ги диктираат патријархалните норми. Тие истакнуваат дека ригидните очекувања од мажите во врска со мажественоста може да доведат до ниско ниво на самопочитување или до депресија, а очекувањата мажите

да не покажуваат емоции може да ги натера да се колебаат да побараат помош за проблемите со менталното здравје.

Перцепцијата на учесниците/учесничките во Северна Македонија е дека таквите традиционални родови норми започнуваат во семејството и со примарната социјализација, за подоцна дополнително да се систематизираат во училиштата. Учесниците/учесничките од другите земји и територијата исто така ја истакнаа можната улога на училиштата во зајакнувањето на овие норми на однесување и на „соодветните интереси“ за машките и женските деца, со употреба на сексистички јазик и преку стереотипи кои се промовираат од старателите и во учебниците. Учесниците/учесничките го истакнаа и недостигот на сексуално образование и потребата за негово воведување, како и за подучување на учениците во врска со прашања како што се менталното здравје и родовата еднаквост.

На консултациите во БиХ беше истакнато и дека првите искуства со родово базирано насилство или сексизам често се доживуваат во училиште, на рана возраст. Со оглед на тоа што за таквите работи не се зборува, нема механизми за поддршка и санкционирање, а децата ниту се учат на правилно однесување во тој поглед, ниту пак како да идентификуваат несоодветно однесување и адекватно да реагираат. Тоа води кон утврдување на таквите појави како нормални. Како што изјави еден(-на) од интервјуираните:

„Уште на училиште се случува девојчињата, чии тела генерално се развиваат побрзо во споредба со момчињата, да станат мета на несоодветни коментари и допири на кои никој не реагира како што треба. Дури и за сосема природна работа како менструацијата, девојчињата се поттикнуваат да се срамат и да ја кријат“.

*Учесник/учесничка на локални консултации, Босна и Херцеговина*

Што се однесува до Албанија, младите наведуваат дека сегашниот образовен систем ги зајакнува традиционалните патријархални стереотипи. Исто така, слично како и во другите земји и на територијата, постои недостиг на сеопфатно сексуално образование и отсуство на феминистички наставни програми на сите нивоа на образование. Дури 68% од испитаниците/испитаничките укажуваат дека во нивните образовни институции нема напредок во врска со родовата еднаквост. Згора на тоа, таквиот образовен недостаток го потпомага опстојувањето на хетеронормативните концепти и ги одржува традиционалните родови улоги.

## 3.2. Родово базирано насилство

Токсичната и милитаризирана мажественост, ригидните родови стереотипи, говорот на омраза и медиумското претставување на традиционалните родови улоги го зголемуваат ризикот од насилство, особено врз жените, што се смета за најраспространета форма на насилство во целиот регион.

Анализата на локалните консултативни дискусии и одговорите на анкетата укажуваат на општо присутна свест кај младите учесници/учеснички за прашањето на родовото насилство. Меѓутоа, прашањата беа формулирани со зборовите „семејно или домашно насилство", наместо „родово базирано". Образложението за изборот на таквата формулација беше дека многумина не се запознаени со концептот на родово базирано насилство.

Прашањето во интерактивната анкета гласеше: „Според вас, во колкава мерка семејното или домашното насилство влијае негативно врз благосостојбата на младите во вашата заедница?". Одговорите беа дадени во форма на оценка од 1 до 5, каде што 1 значи „воопшто", а 5 е „многу". На сликата подолу се претставени резултатите кои укажуваат на општ консензус дека семејното или домашното насилство барем донекаде влијае врз благосостојбата на младите. Над половина од испитаниците/испитаничките што живеат во Албанија, на Косово и во Србија одговориле дека родовото насилство многу влијае врз благосостојбата на младите. Во Северна Македонија резултатите беа поразновидни, при што 37% избрале „многу". Што се однесува до одговорите од БиХ, кај 81% од испитаниците/испитаничките кои одговориле со 3 или повеќе, распределбата помеѓу нивоата е речиси рамномерна.

Вкрстената анализа според демографски фактори покажува дека кај испитаниците/испитаничките кои се идентификуваат како жени постои многу поголема веројатност силно да се согласуваат со оваа изјава, со преку 53% одговори со оценка 5 во женската категорија, наспроти 27% во машката категорија. Понатаму, се појавува значителна статистичка карактеристика во однос на нивото на образование на испитаниците/испитаничките: кај испитаниците/испитаничките со високо образование поверојатно е силно да се согласат со таа изјава, во споредба со оние со основно/средно/стручно образование. Тоа е поврзано и со факторите кои ја поддржуваат родовата еднаквост и социјалната кохезија (т.е. образование, вработување), споменати претходно во ова поглавје.

**Според вас, во колкава мерка семејното или домашното насилство влијае негативно врз благосостојбата на младите во вашата заедница? Ве молиме одговорете така што ќе го наведете своето мислење на скала од 1 до 5, при што 1 значи „воопшто“, а 5 „многу“**




*Слика 6. Перцепции на младите за семејното или домашното насилство*

Една од карактеристиките на локалните консултативни дискусии во сите пет земји и на територијата е дека се забележуваат многу паралелни, односно слични согледувања и загриженост кај учесниците/учесничките. Конкретно, заедничките согледувања што се провлекуваат низ одговорите се однесуваат на:

- недостигот на доверба во институциите во врска со спроведувањето на законите против семејното насилство и адекватната заштита и поддршка на жртвите;
- загриженоста поради прикажувањето на насилството како нормална појава преку родово дефинирани општествени норми, како и наративите за минимизирање и обвинување на жртвите во традиционалните и социјалните медиуми;
- влијанието на милитаризираната и токсична мажественост врз нивото на насилство врз жените.

Покрај тоа, учесниците/учесничките се на мислење дека сите овие паралелни идеи се испреплетуваат низ системска рамка наметната од традиционалните патријархални родови норми и милитаризираната и токсичнаа мажественост.

## 3.2.1 Влијание на милитаризираната мажественост врз нивото на насилство над жените

Според мислењето на младите луѓе во регионот, величењето на војната и воените злосторници во општествени рамки сè уште претставува сериозна закана за социјалната кохезија. Факт е дека мажите кои покажуваат токсични особини на мажественост се ценети повеќе од оние кои придонесуваат за своите заедници преку напори за градење мир, што пак се смета за една од главните причини за родово базираното насилство во истражуваните земји и на територијата. Се смета дека системската природа на токсичната мажественост произлегува од обрасците на однесување изградени низ воспитувањето, кои потоа се засилуваат преку општествените норми, а се одржуваат по пат на угнетување.

Учесниците/учесничките на консултациите во Србија сметаат дека постои врска помеѓу негативните наследства од минатото, токсичната мажественост и родовото насилство, како и другите форми на родова еднаквост. Следува цитат на еден(-на) учесник/учесничка кој/а изјавува:

„За време на конфликтот, но особено по него, се создава милитантна култура во која тој вид мажественост се сфаќа како посакуван квалитет. Мажот е тој што се претставува како бранител на нацијата и бранител на сè што е добро".

Учесник/*учесничка* на локални консултации, Србија

Учесниците/учесничките исто така се согласуваат дека преовладувачките идеи за мажественоста, вкоренети во општеството, претставуват причина повеќето луѓе да не го препознаат сексуалното насилство кога ќе го видат или ќе слушнат за него. „Секој ќе знае дека родово базирано насилство е кога маж ќе претепа жена", изјавува еден(-на) учесник/учесничка, „но кога ќе ја зграпчи одназад, *нема сите* тоа да го сфатат како родово базирано насилство, а во тоа е проблемот".

Во БиХ, неколку учесници/учеснички во групната дискусија ја идентификуваа токсичната мажественост како една од главните причини за сексуално и родово базирано насилство. Исто така се потенцира дека меѓу младите жени често се поддржува и се идеализира моделот на „алфа мажјак“. Како што изјавува еден(-на) учесник/учесничка:

„Имам многу познанички кои многу сакаат доминантни мажи, дури и кога ги понижуваат другите луѓе или покажуваат агресивно однесување. Тие сакаат да се чувствуваат безбедно и заштитено, но многу често тие жени завршуваат како жртви токму на тие мажи“.

Учесник/учесничка на локални консултации, Босна и Херцеговина

За време на консултациите на Косово, концептот на токсична мажественост беше спомнат во врска со случаите кога штетното однесување се оправдува само затоа што некој е маж. Конкретно, се водеше дискусија околу поделбата на јавниот и приватниот простор и како таа поделба придонесува за подемот на родово базираното насилство. Беше забележано дека јавниот домен историски се согледува како простор што им припаѓа на мажите; приватниот домен вообичаено се доживува како простор резервиран за жените.

Следствено, се воспоставува динамика на моќ преку која се негува чувството на сопственост над жените, што се карактеризира со контрола врз постапките и однесувањето на жените. Се забележува дека таквата динамика во некои случаи може да доведе до насилно однесување кон жените, бидејќи го зајакнува менталниот склоп што ја оправдува контролата и доминацијата. Таквиот начин на размислување понекогаш доведува до агресивно однесување, бидејќи тоа може да се сфати како начин на зацврстување на контролата и доминацијата.

Учесниците/учесничките во Северна Македонија уште посилно ја нагласија системската природа на токсичната мажественост и нејзините корени во воспитувањето, општествените норми и угнетувањето. Понатаму, еден(-на) од учесниците/учесничките во длабинските интервјуа ги поврза меѓугенерациските травми во повоеното и постконфликтното општество со родово базираното насилство:

„Како феминист(ка) кој/а работи на постигнување пацифистички поглед кон организирањето на животните патеки, јас верувам во антимилитаризмот како клучен принцип. Конфликтите влијаат не само на физичката болка и жртвите, туку постои и психолошко влијание кое честопати се занемарува, но се пренебрегнува и фактот дека тоа им нанесува долготрајна штета и на поединците и на општествата. Ги погодува семејствата, децата, меѓучовечките односи, а со тоа и иднината на сите нас, како и на нашето позиционираме спрема другите. За жал, негативното наследство од минатото влијае и на фемицидот и сексуалното насилство, кои претставуваат придонес за трансгенерациската травма. Сепак, она што не го разбираме како општество е дека ја имаме моќта да го промениме тоа“.

Учесник/учесничка во длабинско интервју, Северна Македонија

Учесниците/учесничките на консултациите во Србија истакнуваат дека родово базираното насилство често се романтизира преку дискурсот во медиумите и генерално во општеството. Тие наведоа дека забележуваат наслови кои се однесуваат на тешки случаи на родово базирано насилство, а се врамуваат како „љубовни неволји“ или „трагичен романтичен крај“ – изрази што всушност се однесуваат на убиство. Според учесниците/учесничките, таквото медиумско претставување е испреплетено со положбата на жените во општеството, која пак во одредена мерка зависи од моделот на милитаризирана и токсична мажественост што била доминантна за време на конфликтите.

Учесниците/учесничките во БиХ известуваат дека во коментарите на социјалните мрежи наишле на бројни примери на обвинување на жртвите. Изјавите како „Сама си го барала“ или „Зошто воопшто се нашла во таква ситуација?“ се идентификуваат како широко распространети реакции на насилството низ социјалните медиуми и јавните форуми. Преку изразената загриженост се потврдува дека родово базираното насилство во регионот е структурирано како дискурс на негирање и молчење – компонентата на негирање/скептицизам ја создава и ја зајакнува компонентата на молк.


Youth 4 Inclusion,

## 3.2.2 Влијание на пандемијата Ковид-19 врз појавата или сериозноста на случаите на родово базираното насилство

Испитаниците/испитаничките на консултациите ја наведуваат пандемијата „Ковид-19“ како еден од факторите што има сериозно влијание врз жените и децата кои биле изложени на повеќе насилство во текот на домашната изолација. Испитаниците/испитаничките во БиХ истакнуваат дека пандемијата „Ковид-19“ го наруши работењето на засолништата за жртви на родово базираното насилство, оставајќи ги жртвите без излез и принудувајќи ги да останат со сторителите. Недостигот на институционална и професионална поддршка ги принуди жртвите на родово базирано насилство да престојуваат во насилни семејства и партнерства. На Косово и во Северна Македонија, резултатите покажуваат дека за време на пандемијата Ковид-19 дошло до покачување на бројот на случаи на семејно насилство. На Косово, во првите седум месеци од пандемијата забележан е пораст од 11%, додека периодот од март 2020 година до крајот на 2021 година бил обележан со пораст од 28% на случаите на семејно насилство. Преваленцата на семејно насилство веќе била висока и пред пандемијата, но со Ковид-19 таа дополнително се зголемила. Учесниците/учесничките критички го оценија прикажувањето на токсичната мажественост во трудот на Jordan Peterson и Andrew Tate[15] што е, според нив, поврзано со порастот на насилството и антиродовите чувства. И двајцата автори се многу влијателни јавни личности кои се застапници на повторното воведување на патријархалните односи и хегемонистичката мажественост, концепти кои се косат со родовата еднаквост. Ковид-19 влијаше и врз социјалната дистанца и зголемувањето на индивидуализмот, како што наведуваат некои учесници/учеснички од Србија:

„Пандемијата ја запре и ја врати назад малата позитивна промена што почна да се случува. Луѓето уште повеќе се одвоија од другите и се свртеа кон својот личен интерес“.

*Учесник/учесничка во длабинско интервју, Србија*

Наспроти сите негативни последици што ги донесе Ковид-19, имаше и одредени позитивни влијанија, особено кај женскиот дигитален активизам кој доживеа процут, а пример за тоа е движењето „Нисам тражила“ (Не барав) во БиХ, започнато од група актерки како паралела на движењето # metoo. Движењето ги мобилизираше жените да пријавуваат родово базирано насилство и да добијат психо-социјална поддршка, но и да го разбијат „заговорот на молчење“ што ги држи жените заробени во социјалните и културните норми. Слични движења што се реализираат низ различни платформи и кампањи биле формирани и во Србија, Хрватска и Северна Македонија, како што се НисиСама (Не си сама), Медуза и Верујем Ти (Ти верувам), во чии рамки жените биле поттикнувани да се искажат, добивале поддршка и поттик да побараат правда. Хаштаговите #СегаКажувам на македонски и #TaniTregoj (#СегаКажувам) на албански добија вистински замав во Северна Македонија. Во овој или оној облик, движењето предизвика ефект на прелевање во регионот; во Албанија, на пример, беа спроведени неколку кампањи против сексуалното насилство, додека на Косово имаше постојана дигитална кампања против силувањето и сексуалното насилство под хаштагот #siguripervajzat (безбедност за девојчињата).

*[15] Jordan Peterson е канадски психолог кој тагува поради опаѓањето на религиозните и традиционалните семејни вредности, обвинувајќи ја родовата идеологија и LGBTQIA+ агендата за отуѓување на белите млади мажи и уништување на западната цивилизација. Погледнете: https://www.theguardian.com/science/2018/feb/07/how-dangerous-is-jordan-b-peterson-the-rightwing-professor-who-hit-a-hornets-nest (пристапено на 08.08.2023 година); Andrew Tate е британско-американски јутјубер и инфлуенсер, кој исто така е самопрогласен женомрзец. Погледнете: https://www.bbc.com/news/uk-64125045, (Пристапено на 06.08.2023 година).*

## 3.2.3 Искуства со насилството и дискриминацијата

Полесно е да се зборува за насилството што им се случува на другите, наместо за личните искуства со насилството. Поради сенката на обвинување и срамотење на жртвата, на повеќето луѓе не им е пријатно да споделуваат лични стории за насилството, како што покажуваат и голем број претходни студии (Hughson-Благоевиќ 2012; Спахиќ Шиљак, 2012; Бабовиќ и Петровиќ, 2021). Таквиот тренд се потврдува и со оваа студија.

Во Северна Македонија, учесниците/учесничките се воздржуваа да споделат лични искуства со насилството и дискриминацијата. Меѓутоа, една соговорничка која е вработена во министерство што се занимава со проблематиката на родовата еднаквост, опиша настан кога, непосредно пред почетокот на некој состанок, еден машки политичар отворено им се обратил на сите вработени во министерството и им рекол:

„Драго ми е што ќе имам шанса да работам со најубавото министерство, бидејќи сите сте жени".

Оваа изјава претставува пример на добронамерен сексизам (Ќериман и Спахиќ Шиљак 2022) кој е културно прифатлив начин на комуникација и многу често жените не ги препознаваат овие софистицирани облици на сексизам, бидејќи го интернализирале до таа мерка што не сметаат дека таквите изјави се штетни (Demukaj и др. 2019; Danaj 2020; Спахиќ Шиљак и др. 2022).

На Косово, учесниците/учесничките изнесоа примери на инциденти во кои биле сведоци или доживеале дискриминирачко однесување и говор на омраза во образовните институции, особено насочени кон лицата со попреченост или кон маргинализираните групи како што е LGBTQIA+ заедницата. Еден(-на) учесник/учесничка го сподели следното:

„Сакам да споделам конкретен случај. Како жена со потешкотии во движењето, не сум била дискриминирана во семејството или во училиштето, туку во политиката кога бев поставена на функцијата амбасадор. Секогаш кога чекорев, *забележував промена* во нивните изрази на лицето и разговорот. Се обидов да ги споделам моите искуства и достигнувања, но единственото нешто што им беше важно беше тоа што имав потешкотии со движењето".

Учесник/учесничка на локални консултации, Косово

Во БиХ, младите се фокусираа на дискриминаторските практики на работното место. Имено, многу жени споделија искуства дека за време на интервјуата за вработување биле прашувани дали се во романтична врска и дали планираат наскоро да имаат деца. Учесниците/учесничките кажуваа од искуство дека позитивните одговори на таквите прашања значително ги намалуваат можностите да бидат ангажирани и дека жените биле заобиколувани при вработување и унапредување затоа што се сметало дека ќе бидат премногу зафатени со семејните обврски и грижата за децата. Другите искуства се фокусираат на фрагментираната имплементација на законите во врска со породилното отсуство. Конечно, некои учесници/учеснички споделија искуства за родово заснован говор на омраза – како што се наведува, тие инциденти го следат образецот на однесување според кој кршењето на традиционалните родови норми се семата за морален престап, што резултира со напади на личноста. Една учесничка го сподели искуството што го доживеала поради одлуката да не го земе презимето на сопругот кога стапила во брак:

„Мајка ми ми рече дека тоа е голема срамота, дека го навредувам сопругот [...] Кога отидов во градското собрание за да се одреди датумот на свадбата, еден човек што работеше таму си зеде за право да ми каже: „Срам да ти е, ти си единствената невеста што не го зема презимето на сопругот“. Ме нападна човек што ме гледа првпат во животот“.

Учесничка на локални консултации, Босна и Херцеговина

На консултациите и длабинските интервјуа во Србија, дискриминацијата и насилството беа препознаени и потврдени како чести појави во нивното општество, но учесниците/чесничките не сакаа да разговараат за какви било лични искуства или соочувања.



## 3.3 Дискриминација и говор на омраза

Целта на студијата беше да се процени во колкав обем учесниците/учесничките доживеале дискриминација и говор на омраза и врз која основа. Во прашалникот од испитаниците/испитаничките се бараше да одговорат, за секоја од категориите прикажани на сликата подолу, дали а) доживеале лично б) биле сведоци, в) и доживеале и биле сведоци на дискриминација и говор на омраза. Другите опции се г) не и д) не сум сигурен(-на). Сè на сè, како збирните регионални податоци, така и податоците по поединечна земја и на територијата покажуваат одредени загрижувачки статистички податоци.

На Слика 7 подолу е даден визуелен приказ во кој анализираните податоци за маргинализираните заедници покажуваат дека многу поголем дел од тие испитаници/испитанички наведуваат некаков вид искуство со дискриминација или говор на омраза, во споредба со вкупните резултати.

### *Дали лично сте доживеале или сте биле сведок на некакви случаи на дискриминација или нетолеранција врз следните основи?*

*(Фокус на маргинализираните заедници)*




*Слика 7. Искуства со дискриминацијата во маргинализираните заедници*

Севкупно, над 70% од испитаниците/испитаничките наишле на некаков вид (доживеале, биле сведоци, или обете) расна и/или етничка дискриминација или говор на омраза. Над 60% наишле на некаков вид родова дискриминација или говор на омраза. Речиси 60% исто така одговориле дека се соочиле со дискриминација или говор на омраза врз основа на општествениот статус. Нешто помалку од половина наишле на некаков вид дискриминација или говор на омраза насочени кон LGBTQIA+ заедницата, а околу половина врз религиозна основа. Од неодамна, во социјалните медиуми дискриминацијата и говорот на омраза се надоврзуваат на мизогинијата и хомофобичните дискурси.

Застапеноста на родовите улоги во традиционалните и социјалните медиуми денес има моќно влијание врз гледиштата на младите за родот, бидејќи на тој начин се одржуваат штетните родови стереотипи, особено во врска со бракот, разводот и родово базираните злосторства. Ригидните родови улоги и стереотипи што се претставуваат во медиумите имаат непропорционален ефект врз маргинализираните заедници и недоволно застапените групи, кои се најмногу загрозени како потенцијални жртви на говорот на омраза, вклучувајќи го и говорот на омраза на интернет.

Анализата, која што е дополнително сегментирана според демографски фактори, покажува дека претежно жените и малцинските групи или директно доживеале или генерално наишле на говор на омраза и дискриминација, било во некои или во сите од горенаведените категории. Што е најважно, кај жените е многу поголема можноста да наидат на родова дискриминација и говор на омраза од мажите – додека пак испитаниците/испитаничките кои својот род го идентификуваат како „друг“, во огромно мнозинство одговориле дека се сочуваат со родово заснован говор на омраза и/или дискриминација, што е показател дека дискриминацијата и говорот на омраза се насочени кон жените, но и дека родовиот идентитет исто така претставува цел. Кај жените е поголема и веројатноста да наидат на дискриминација врз основа на расна или етничка припадност, како и поради социјалниот статус.

Говорот на омраза може да се манифестира и преку онлајн канали, со употреба на навредлив, погрден или дискриминирачки јазик низ традиционалните и социјалните медиуми, што придонесува за одржувањето на штетните стереотипи, зацврстувајќи ги истовремено предрасудите и негативните перцепции. Влијанието на медиумите врз родовата еднаквост и социјалната кохезија, младите го доживуваат претежно како негативно, бидејќи традиционалните и социјалните медиуми често се согледуваат како пропагатори на дискриминаторски родови практики и наративи на раздор.

Учесниците/учесничките во студијата ги критикуваат медиумите поради одржувањето на стереотипите и пренесувањето на пристрасни наративи, особено во врска со бракот, разводот и злосторствата врз жените, поради што повикуваат на поодговорно/етичко известување за овие теми. Понатаму, учесниците/учесничките ги идентификуваат социјалните медиуми како еден од факторите кои влијаат на зголемувањето на индивидуализмот, изолацијата и дезинформациите, што доведува до дополнително влошување на состојбата со идентификуваните проблеми и недостигот на дискусии околу прашањата релевантни за социјалната кохезија.

## 3.4 Ширење на поларизирачки идентитетски говор

Родовата дискриминација, како и насилството врз жените и девојчињата, ги стимулираат мизогинијата и штетните хомофобични дискурси. Младите луѓе во регионот жестоко ја критикуваат распространетата поларизација на дискусиите со кои се попречува конструктивниот дијалог и се продолжува деструктивниот екстремизам, барајќи исто така промовирање на отворени дискусии и критичко размислување, а ја нагласуваат и потребата фокусот да се тргне од „победивме“ или „во право сме“.

Младите луѓе сметаат дека токсичната мажественост се шири преку пропагандата која „звучи логично“, со која се напаѓаат жените и се промовира идејата за алфа мажјаци. Таквите штетни дискурси го сеат семето на таканаречената „родова идеологија“[16] која расте на плодната почва создадена од стравот кај некои мажи од оснажувањето на жените и доведува до поригидни родови стереотипи на очекувања што треба да ги исполнат младите мажи и жени. Слика 8 погоре, на која се прикажани резултатите од квантитативното истражување, укажува на постоењето измешани чувства кај испитаниците/испитаничките во однос на врската помеѓу дискриминацијата и нетолеранцијата кон жените, девојките и LGBTQIA+ лицата, од една страна, и движењата против родовата еднаквост, од друга. Ова е особено истакнато во одговорите на жителите на Албанија и БиХ.

**Во колкава мерка се согласувате со следниот исказ: „Движењата насочени против родовата еднаквост промовираат дискриминација и нетолеранција кон жените, девојчињата, LGBTQIA+ лицата“? Ве молиме наведете го својот одговор на скала од 1 до 5, при што 1 значи**




*Слика 8. Перцепции на млаадите за движењата против родовата еднаквост*

[16] *Терминот „родова идеологија“ тука се користи за означување на низа уверувања, теории или перспективи кои го критикуваат и се спротивставуваат на тоа што се доживува како ерозија на традиционалните родови улоги и норми. Важно е да се напомене и дека, „во неговата оригинална смисла, терминот, искован во 1970-тите и употребуван во работата на, меѓу останатите, политикологот Rule Krauss, се однесува токму на бинарниот систем на предубедувања и однапред одредени родови асиметрии на моќта кои треба да бидат оспорени, ако целото човештво сака во потполност да ги ужива човековите права. Меѓутоа, во неговата неодамнешна алтернативна*

Во Србија, младите луѓе кои учествуваа во дискусиите и интервјуата сметаат дека постои врска помеѓу национализмот и антиродовата идеологија и дека „доаѓаат од исто место“. Како што изјави еден(-на) од интервјуираните:

„Кога ќе слушнете како политичарите зборуваат за абортусот, организираат протести, велат дека жените треба да имаат четири деца итн., ја гледате врската помеѓу национализмот и родовата нееднаквост. Сето тоа доаѓа од исто место“.

Учесник/*учесничка* во длабинско интервју, Србија

Друг/а испитаник/испитаничка зборуваше за врската помеѓу националистичките наративи и жените во политиката. Тој/таа прво изјави дека ситуацијата со националистичките наративи во Србија се влошува:

„Луѓето на високи и моќни позиции постојано продуцираат негативни наративи за соседите во регионот и тие на некој начин прават тоа да биде новото нормално“.

Учесник/*учесничка* во длабинско интервју, Србија

А во контекст на тоа кој е одговорен за таквиот наратив, соговорникот/соговорничката додава:

„Национализмот е поврзан со родот, *да. Најчесто мажите се тие кои промовираат националистички наративи*“.

Учесник/*учесничка* во длабинско интервју, Србија

За време на консултациите во Србија, учесниците/учесничките дискутираа за позитивните дискриминаторски практики поврзани со зголемената застапеност на жените во политиката. Иако учесниците/учесничките беа скептични дека таквите практики навистина ќе доведат до зголемување на бројот на жените на лидерски функции и позиции на одлучување, тие сепак истакнаа дека е важно да се поттикнува учеството на жените во политиката и сугерираа дека во практиката може да се постигне подобра ефективност доколку притисокот за

*повторена верзија, тој термин се користи како дел од дискурсот против правата од страна на политичките и верските лидери кои сакаат да ги ограничат човековите права на лезбијките, хомосексуалците, бисексуалците, транс и родово различните лица, врз основа на тврдењето дека работата на промовирање на човековите права на овие лица претставува контракултурно или асоцијално однесување“. [погледнете Генерално собрание на ОН, Извештај на независниот експерт за заштита од насилство и дискриминација врз основа на сексуалната ориентација и родовиот идентитет, A/73/152, 12.07.2018 г., ст. 27].*

поголема застапеност на жените во политиката на се врши на локално ниво. Во Северна Македонија, учесниците/учесничките дискутираа околу прашањето за сеопфатно сексуално образование, кое беше идентификувано како клучна компонента во образованието на младите и во справувањето со потенцијалните проблеми поврзани со родовата еднаквост и социјалната кохезија. Меѓутоа, учесниците/учесничките исто така посочија дека антиродовите движења често ги злоупотребуваат и ги напаѓаат таквите програми за да ги остварат своите цели. Таквиот став наоѓа поткрепа и во едно неодамнешно истражување што во регионот го спровеле Цветковиќ и Величковска (2022), во кое се укажува дека мошне честа мета на антиродовите движења се образовните иницијативи кои се фокусираат на сексуалното образование и родовата еднаквост како дел од нивната стратегија. Учесниците/учесничките на локалните консултации сметаат дека влијанието на пандемијата Ковид-19 врз ширењето на анти-родовите наративи, всушност е дел од влијанието на социјалните медиуми и зголемениот обем на дезинформации. Конкретно, кога станува збор за токсичната мажественост, тие го потенцираат влијанието на глобалните фигури кои промовираат наративи за патријархална и токсична мажественост.

Во Босна и Херцеговина се нагласува дека политичките елити ги стимулираат етничките поделби така што создаваат дискурс на „внатрешен непријател“ за да го оттргнат вниманието од социјалните и економските проблеми и да се претстават себеси како „заштитници на нацијата“. Овој концепт е поврзан со оној на милитаризираната мажественост опишан во делот 2.4.2. за родово базираното насилство. Всушност, испитаниците/испитаничките сметаат дека концептот на „заштитник на нацијата“ е поврзан со токсичната мажественост и популизмот, но исто така изјавуваат дека жените политичарки понекогаш репродуцираат антиродови и националистички наративи за да ги постигнат политичките цели на партиите. Фактот што има малку политичарки кои се залагаат за правата на жените, пред сè се поврзува со нивната маргинална позиција во органите за одлучување на политичките партии, иако кај интервјуираните стои и мислењето дека дел од таквиот недостиг на поддршка од жените политичарки за правата на жените се должи на интернализираната мизогинија што се одржува преку патријархалните општествени норми.






# ПЕРЦЕПЦИИ НА МЛАДИТЕ ЗА ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

# 4

# 4. ПЕРЦЕПЦИИ НА МЛАДИТЕ ЗА ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

Во сите земји и на територијата, квантитативните резултати покажуваат многу ниски стапки на доверба во јавните институции, како и во политичките и верските институции. Во студијата се применува концептуализација на социјалната кохезија со која се навлегува подлабоко во меѓуврсничките односи (хоризонтална димензија на социјалната кохезија), но со некои прашања делумно се истражува и степенот на доверба во институционалните процеси (вертикална димензија на социјалната кохезија)[17], бидејќи родовите улоги се обликуваат како во семејството, така и низ социјализацијата на училиште и преку медиумите.

[17] Вертикалната социјална кохезија се однесува на можноста институциите да гарантираат ефективно обезбедување услуги, да промовираат инклузивни политички процеси и јавни политики, но исто така се огледува и во довербата, легитимноста и доверливоста што граѓаните им ги припишуваат на институциите и на политичките процеси.

## 4.1. Еднаквост во образованието и вработувањето

Во рамките на квантитативното истражување, од испитаниците/испитаничките се бара да оценат дали можностите за образование, односно за еднаков третман во образовните институции, се достапни за различни групи - особено за машки и женски деца/младинци; ромски деца/младинци; деца/младинци со попреченост; деца/младинци мигранти. Многу низок процент на испитаници**/испитанички** во сите земји и на територијата се согласуваат дека се обезбедени **е**днакви можности за образование на малцинствата и за младите со попреченост. Понатаму, довербата не е на многу високо ниво ниту во однос на еднаквите можности за образование за машките и женските деца/млади. Кога станува збор за еднаков третман во образовните институции, одговорите даваат уште посурова слика за нееднаквоста. Таквото гледиште се поткрепува и со некои постоечки истражувања, како на пример студијата на UNICEF во Северна Македонија, која покажала дека само 39% од младите Роми биле запишани во средно образование, наспроти 81% кои посетуваат основно образование. Покрај тоа, во релевантни извештаи се истакнува дека недостигаат важечки политики и ресурси за лицата со попреченост, вклучително и образование за деца/млади со посебни потреби.

Иако во сите земји и на територијата постојат политики и закони во врска со родовата еднаквост во образовните институции и на работно место, тоа во практиката не гарантира родова еднаквост. Во однос на образованието, учесниците/учесничките во локалните дискусии истакнуваат дека ученичките и учениците се третираат различно во училницата, како и дека родителите, заедницата, а понекогаш дури и воспитувачите, сè уште ги одржуваат традиционалните патријархални норми во врска со „машките“ и „женските“ занимања и интереси, така што тие продолжуваат да влијаат на образованието и кариерата на жените. Понатаму, во студиите кои укажуваат на високи стапки на родово базирано насилство, дискриминација и сексуално вознемирување во академските институции (Спахиќ Шиљак и др., 2022) се сугерира дека тоа е уште еден начин на опстојување на нееднаквоста во образованието.

Кога станува збор за работните места, покрај искуствата изнесени во рамките на консултациите, опфатени во претходните делови на овој труд, општ впечаток е дека има слабости во имплементацијата на релевантни закони и политики со кои се уредува дискриминацијата на жените**,** особено во контекст на интервјуата за вработување и можностите за напредување. Дури и кога таквите политики се спроведуваат, тоа не значи нужно дека ќе доведат до еднаквост, слично како кај ситуацијата со жените во политиката и на функции на одлучување, што беше забележана од учесниците/учесничките на консултациите во Србија. На пример, изјавите од длабинските интервјуа со учесниците/учесничките кои работат во јавниот сектор покажуваат дека на јавните институции им недостигаат механизми за спроведување на актите за еднаквост, а на извршни позиции или на функции со моќ на одлучување главно се поставуваат мажи.

## 4.2. Промовирање на родовата еднаквост и социјалната кохезија

### *Според ваше мислење, кој од следните фактори би помогнал во постигнувањето родова еднаквост и во борбата против сексизмот, мизогинијата и родово базираното насилство во вашата заедница? Ве молиме изберете ги трите најзначајни*




*Слика 9. Перцепции на младите за факторите кои би биле од помош за остварување родова еднаквост*

На Слика 9 погоре се прикажани одговорите на прашањето од квантитативното истражување со кое од испитаниците/испитаничките се бара да ги изберат трите најзначајни фактори кои би помогнале во постигнувањето родова еднаквост и во борбата против сексизмот, мизогинијата и родово базираното насилство во нивната заедница. Севкупно, родовата еднаквост, дискриминацијата и токсичната мажественост беа најчестите одговори во сите земји и на територијата. Испитаниците/испитаничките од Косово и Северна Македонија главно ги претпочитаат опциите на општествените движења предводени од младите, вклучително и дигиталниот активизам, како и еднаквиот пристап до квалитетно образование. Испитаниците/испитаничките од БиХ и Србија особено ја истакнуваат еднаквата застапеност на позициите на одлучување. Меѓу испитаниците/испитаничките од Албанија, еднаквите можности за вработување беа најпопуларниот избор.



## 4.3. Застапеност на жените во политичката арена

Резултатите од квантитативните истражувања укажуваат на **општата поддршка за обезбедувањето еднакви можности на функциите на одлучување**, како важен фактор за постигнување родова еднаквост. На локалните консултации и низ интервјуата, гледиштата за застапеноста на жените во политичката арена генерално се позитивни и се смета дека токму застапеноста е прв чекор кон подобрување на социјалната кохезија и за справување не само со прашањето на родовата еднаквост, туку и со други проблеми.

Сите земји и територијата во проектниот регион сè уште се наоѓаат под нивото на еднаква застапеност и учество на позициите на одлучување и во парламентите[18], иако се постигнати одредени подобрувања со наметнатите квоти на листите на политичките партии (Browne, 2017).

Како пример, во Северна Македонија учесниците/учесничките забележуваат дека причината за отсуство или недоволна застапеност на жените во политиката лежи во општествените прашања кои се протегаат дури и надвор од влијанието на растечките националистички и антиродови наративи. Низ интервјуата се забележува дека креирањето политики, каде што доминантна улогата имаат мажите, не ги одразува потребите на сите разновидни групи застапени во демографијата на Северна Македонија.

Недоволната застапеност во институциите, видлива за јавноста преку медиумите, придонесува за јакнењето на традиционалните родови норми кои наметнуваат родово и полово заснована дискриминација.

На консултациите во Србија имаше консензус дека промовирањето на ангажманот на жените во политичкиот живот претставува важен прв чекор кон еднаквоста. На Косово, мислењата изнесени во рамките на длабинските интервјуа ја потенцираа меѓусебната поврзаност на зголеменото присуство на жените во политиката, спротивставувањето на културните норми и воведувањето свежи погледи на работите.

[18] За конкретни податоци, погледнете UN Women, „Жените во политиката“, 2023 година, достапно на: https://www.unwomen.org/en/digital-library/publications/2023/03/women-in-politics-map-2023

Младите во Босна и Херцеговина го наведуваат стравот од губење на власта, но и влијанието на традиционалните вредности и противењето на промените во машките улоги и идентитетот, како фактори преку кои се одржува статус кво и нерамномерна распределба на моќта во политиката.

Истражувањето во Албанија покажа дека повеќето ја препознаваат меѓусебната поврзаност на родовата еднаквост и прераспределбата на политичката моќ. Некои политичари стратешки се спротивставуваат на родовата еднаквост со цел да го консолидираат своето политичко влијание, особено во конзервативниот дел од општеството.

Од клучно значење за унапредување на женското лидерство и учество е обезбедувањето поспецијализирани програми за едукација и обука на жените кои се кандидираат на избори, заедно со промотивни програми кои ќе ги мотивираат жените да се ангажираат во политиката, особено на локално ниво. Сè поголемиот пристап на жените до пазарот на трудот, што сепак не значи поголема посветеност на мажите за преземање на обврските околу домаќинството и грижата за семејството, доведува до асиметрична еманципација во јавните и приватните средини, што пак претставува причина за двојно оптоварување на жените. Таквата состојба честопати предизвикува фрустрација и скептицизам кај жените во врска со самиот концепт на еманципација.

**Со нивните двојно или тројно золемени оптоварувања, многу жени не покажуваат интерес да се бават со политика, бидејќи од нив се очекува да жонглираат со бројните обврски кои произлегуваат од приватната (семејната) и јавната сфера (кариерата), додека кај мажите таква дилема воопшто не постои.** Општествените очекувања и традиционалните родови норми кои продираат во секој аспект од животот имаат огромно влијание врз застапеноста на жените во политиката.




# ПРИМЕНА НА ТЕХНОЛОГИЈАТА ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ

РОДОВА ЕДНАКВОСТ

СОЦИЈАЛНА

5

# РОДОВА ЕДНАКВОСТ И СОЦИЈАЛНА КОХЕЗИЈА: РИЗИЦИ И МОЖНОСТИ

# 5. ПРИМЕНА НА ТЕХНОЛОГИЈАТА ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ РОДОВА ЕДНАКВОСТ И СОЦИЈАЛНА КОХЕЗИЈА: РИЗИЦИ И МОЖНОСТИ

Севкупните ставови изнесени на консултациите и интервјуата укажуваат на постоењето свест кај учесниците/учесничките дека социјалните медиуми може да имаат двојна улога кога станува збор за родовата еднаквост и социјалната кохезија. Од една страна, може да придонесат за ширењето дезинформации, штетни наративи и стереотипи и да бидат платформа за анти-родови движења. Од друга страна пак, социјалните медиуми им нудат можност на младите да комуницираат, да се организираат и да допрат до луѓето надвор од нивниот тесен круг.

Технологијата може да биде и/или да се користи како алатка за ширење наративи кои доведуваат до поделби и поларизација. Анонимноста што ја нуди интернетот овозможува вознемирување, бојкот, стигматизација и говор на омраза без последици. Овој штитот на анонимност може да ги поттикне луѓето да кажуваат работи што инаку не би ги кажале во јавноста. Понатаму, учесниците/учесничките ги идентификуваат современите медиумски куќи како извори на потенцијални дезинформации, реторика на поделби и штетни наративи, факт што го илустрираат и примерите на родово базирано насилство. Учесниците/учесничките, исто така, изразија загриженост во врска со алгоритмите што ги користат платформите на социјалните медиуми кои создаваат „ехо комори" кои ги спречуваат луѓето да се информираат и за поинакви гледишта. Покрај тоа, социјалните медиуми честопати можат да бидат извор на организирано сајбер-насилништво, што е моќна дискурзивна стратегија во која се користи сексистички јазик и се оправдуваат силувањето и насилството (Vochocová, 2020). Интересен пример за тоа изнесе една учесничка во рамките на локалните дискусии во БиХ:

„Станав жртва на сајбер-насилништво откако видеото на кое се прикажува забавата за Бајрам што ја организиравме за мигрантите во прифатниот центар беше преземено од нашиот TikTok и споделено на FB групата „Стоп за инвазијата на мигрантите". Потоа, членовите/членките на групата нè пронајдоа и почнаа да споделуваат коментари на омраза кои содржеа смртни закани, желби да бидеме силувани и коментари како „Нашите босански девојки одат по смрдливите".

Имавме околу 700 коментари на омраза и не се чувствувавме безбедно да се движиме по улиците на нашиот град. За мене беше фасцинантен фактот што нè нападнаа нас, пет жени кои бевме таму, но не и мажите кои исто така комуницираа со нив (мигрантите). Колку интернализирана мизогинија треба да имаме за да мразиме некоја жена затоа што сме уверени дека таа оди на работа (со мигранти), не затоа што сака да помогне, туку за да има односи".

Учесничка во длабинско интервју, Босна и Херцеговина

Во склад и со други опсервации истакнати во оваа студија, **овој пример покажува дека дискриминацијата и говорот на омраза против мигрантската популација се испреплетуваат со дискриминацијата и говорот на омраза базирани на родовата припадност, што укажува на присуството на интерсекциска компонента кај пречките за социјална кохезија.**

Учесниците/учесничките ја истакнаа и можноста за позитивно влијание на социјалните медиуми.

„Социјалните медиуми можат да послужат како драгоцена алатка за засилување на гласот на маргинализираните групи, кога тие не се во доволна мерка застапени во традиционалните медиуми. Покрај тоа, технолошкиот напредок нуди можности за креативно учество на поширока публика, а со тоа се поттикнува подигањето на свеста за цел спектар на витални прашања."

Учесник/*учесничка* на локални консултации, Албанија

Успехот на иницијативите во минатото, но и на сегашните активности, како што се локалните верзии на движењето #metoo, или Фејсбук групата со седиште во Скопје која нуди безбеден простор за жртвите на сексуално вознемирување, покажува дека социјалните медиуми можат да бидат место за солидарност и поддршка за жртвите и угнетените. Исто така беше истакнато дека социјалните медиуми можат да бидат место каде што ќе се слушнат маргинализираните гласови.

Беа посочени и можностите што се нудат за младите да допрат до поширок круг луѓе, да слушнат различни перспективи, како и да организираат активистички иницијативи насочени кон прашања поврзани со родовата еднаквост и социјалната кохезија.

Исто така се потенцира дека инфлуенсерите имаат разни платформи на социјалните медиуми и дека ги следи бројна публика составена претежно од млади луѓе, што може да се искористи за промовирање на позитивни пораки и активистички иницијативи со особено широк досег. На тој начин технологијата може да се искористи и за уривање на бариерите, споделување стории, оснажување и инспирирање на други луѓе, за подигање на свеста и за поттикнување посилен активизам.




# ПРЕПОРАКИ ОД МЛАДИТЕ

# 6

# 6. ПРЕПОРАКИ ОД МЛАДИТЕ

Истражувачките активности во сите земји и на територијата покажаа силна увереност кај младите дека тие самите се актери на промените. Тие се чувствуваат подготвени да преземат одговорност и да преземаат активности со кои ќе ја променат својата иднина. Освен тоа, младите бараат начини што ќе овозможат да се слушне нивниот глас, а тие самите да дејствуваат како лидери на промените. Покрај тоа, ги повикуваат институциите и креаторите на политики да се фокусираат на следните категории, за да можат целисходно да се справат со прашањата поврзани со родовата еднаквост и социјалната кохезија во регионот:

**Образование:** Учесниците/учесничките ја истакнуваат потребата од едукација во врска со прашањата како што се дискриминацијата, родовата еднаквост, родово базираното насилство, менталното здравје, негативните наследства од минатото и меѓугрупниот дијалог. Тие се залагаат за следното:

- Локалните и централните институции да ја вклучат родовата еднаквост во формалното образование, почнувајќи од градинките, па сè до универзитетите. Тековната реформа на наставните програми претставува импулс за интегрирање на родовата еднаквост, како една од главните цели во образованието;

- Локалните и централните институции да понудат нови учебници без родови стереотипи, хегемонистички модели на мажественост и величење на насилното минато, потоа без раздорни наративи за минатото и без навредливи содржини;

- ОГО да продолжат со реализирањето неформални образовни програми за родова еднаквост (родови студии, женски студии и мобилни феминистички каравани во кои ќе бидат вклучени младите од малите заедници и малцинствата);

- Општествените движења предводени од младите да се залагаат кај локалните власти за усвојување на родово одговорни политики во образованието;

- Локалните и централните институции да соработуваат со ОГО на оснажување на младите, преку воведување програми за менторство ориентирани кон родовата еднаквост во нивните училишта и заедници;

- Преку неформални образовни програми ОГО да ги оснажат младите со цел тие да станат лидери на заедницата.

**Социјални медиуми за Добри цели:** Многу учесници/учеснички ја истакнуваат важноста на социјално-медиумската писменост во неколку области, како што се борбата против дезинформациите, поттикнувањето на критичко размислување околу содржините што промовираат омраза и дискриминација на интернет, но и родово базирано насилство, како и стимулирањето на поодговорна употреба на социјалните медиуми. Покрај тоа, тие предлагаат да се искористат инфлуенсерите со големи платформи за промовирање на позитивни и оснажувачки пораки кои ги деконструираат угнетувачките општествени норми. Во таа смисла тие повикуваат на следното:

- Локалните и централните институции да ја зголемат дигиталната писменост на младите, со цел одговорно користење на социјалните медиуми во училиштата и на универзитетите (програми за оснажување во формалното и неформалното образование, во соработка со ОГО и медиумски експерти);

- Образовните институции, со поддршка на ОГО, да започнат кампањи против говорот на омраза и дискриминацијата, особено родовата дискриминација (едно од местата на одржување е 16 дена активизам);

- Образовните институции и ОГО да ги искористат оние популарни инфлуенсери на социјалните медиуми кои се подготвени да поддржат кампањи за антидискриминација и да се залагаат против родово базираното насилство;

- Локалните и централните институции, со поддршка на ОГО, да воспостават мрежи на безбедни сајбер простори за жртвите на родово базираното насилство;

- Локалните и централните институции, со поддршка на ОГО, да организираат целни обуки за оснажување на младите за сопствена заштита во сајбер просторот.

Поттикнување на активно граѓанско размислување: **Истражувањето покажа дека постои потреба за зајакнување на граѓанската одговорност и колективната мобилизација за социјална кохезија. Младите кои беа консултирани во рамките на студијата препорачуваат**:

- Образовните институции да го зголемат интересот кај младите за волонтирање во училиштата и локалните заедници преку кампањи и насочени програми на ОГО;
- ОГО да одржуваат јавни форуми на кои младите ќе дискутираат за социјални и политички теми релевантни за нивната заедница, како што се вработувањето на младите и нивната застапеност во политиката;
- Локалните и централните институции, со поддршка на ОГО, да го прилагодат постоечкото граѓанско образование во училиштата кон потребите на локалната заедница и да им овозможат на младите да практикуваат граѓански вештини;
- Образовните институции и ОГО да организираат програми за солидарност и да им помогнат на оние кои се во неповолна положба;
- Локалните и централните институции, со поддршка на ОГО, да спонзорираат приправништво за младите во државните институции, судството и локалните бизниси, каде што ќе ги применат граѓанските вештини што ги стекнале во училиштата;
- Локалните и централните институции, со поддршка на ОГО, да започнат медиумски едукативни програми за поттикнување на активното граѓанство;
- Политичките институции да усвојат родово чувствителни политики и стратегии за вклучување на повеќе жени и млади во мировните процеси.

**Активен дијалог и интеркултурни компетенции:** Учесниците/учесничките изразија надеж дека ќе се создадат повеќе можности за поттикнување инклузивен дијалог, што ќе им овозможи на луѓето од различни средини, а евентуално и со различни мислења, да се вклучат во граѓанската дебата и дискурс, да се поврзат и да споделуваат заеднички цели. Резултатите од истражувањето укажуваат на потребата да им се даде посилен глас на маргинализираните групи. Во таа смсила, младите препорачуваат:

- Образовните институции, со поддршка на ОГО, да применат соодветни педагошки алатки за зајакнување на педагогијата на мирот и интеркултурните односи во формалното и неформалното образование;

- Образовните институции, со поддршка на ОГО, да ги поддржат младите во јакнењето на конструктивните дијалошки вештини што ќе ги применат во дискусиите околу спротивставените и раздорни наративи од минатото кои претставуваат пречка за социјалната кохезија;

- Политичките институции, со поддршка на ОГО, да организираат јавни дебати на кои младите ќе разговараат за горливи прашања во нивните заедници и ќе се залагаат за правата на малцинствата, особено за правата на сексуалните и етничките малцинства;

- Образовните институции, со поддршка на ОГО, да воспостават програми за преговарачки вештини кои се од суштинско значење за дипломатијата, како и за решавањето конфликти во секојдневни ситуации (програми за мир и извршно лидерство);

- ОГО да креираат безбеден простор за младите да можат да ги споделуваат своите искуства и да се бават со прашања од нивен интерес (воспоставување форуми за младинска размена, интернет или други медиумски платформи).

# ЗАКЛУЧОК

Сеопфатениот материјал добиен во текот на истражувањето што го предводеа младите со примена на комбиниран метод и партиципативен пристап, беше обезбеден преку спроведената анкета, локалните консултации и длабинските интервјуа кои, како компоненти на истражувањето, беа реализирани меѓу млади луѓе од петте земји и територијата во регионот. Овој иновативен истражувачки пристап потврди дека не може да се постигне вистинска социјална кохезија без родова еднаквост и без да се вклучат сите гласови, особено гласот на маргинализираните и на оние кои се идентификуваат како припадници/припаднички на малцинствата или недоволно застапените групи.

Младите се свесни за постоењето на родовата дискриминација, а за нив родовата еднаквост е поврзана со еднакви права и можности, правичност и демократија, додека за социјалната кохезија сметаат дека се заснова на солидарност, разбирање, единство и соработка - концепти што го отсликуваат општествениот и политичкиот пејзаж на нивните заедници. Младите луѓе не само што демонстрираа свесност дека повеќекратните предизвици претставуваат пречка за родовата еднаквост, туку и ги истакнаа темелните фактори кои придонесуваат за моменталната родова нееднаквост. Станува сè поочигледно дека рекалибрирањето на образовниот систем и редефинирањето на општествените наративи се неопходни чекори за постигнување поголема еднаквост и правда.

Деталната анализа на податоците покажува дека најголемите пречки и предизвици за родовата еднаквост и социјалната кохезија се негативните наследства од минатото, традиционалните родови улоги, социјалните очекувања од жените и мажите, хегемонистичката и токсична мажественост, родово базираното насилство, говорот на омраза и корупцијата. Несомнено, патријархалните норми се појавија како фактор со значителна моќ за обликување на општествената динамика низ целиот регион. Жените и лицата од маргинализираните заедници и понатаму се соочуваат со застрашувачки пречки во различни домени, вклучително и во областа на политиката, поради доминантноста на пристапот ориентиран кон мажите. Сеприсутното влијание на патријархалните норми и вкоренетите родови очекувања во заедницата беше опипливо и можеше да се почувствува во текот на целата студија, што фрла светлина на прашањето за родовите стереотипи кои се претставуваат како нормални и се легитимизираат преку социјализацијата и формалното образование.

Родовата еднаквост се препознава и потврдува како клучна за постигнување социјална кохезија во регионот, но сè уште

наидува на пречки во културата која во голема мерка се заснова на токсичен и милитаризиран модел на мажественост, што произлегува од негативните наследства од минатото.

Со студијата се утврди важноста на создавањето физички простор за поврзување на младите, при што се нагласува потребата од системски промени кои ќе им овозможат на младите да бидат вклучени како лидери и креатори на политиките. И покрај чувството на обесхрабреност поради потврденото истрајно присуство на продорните наративи од главните општествени текови кои ги одржуваат антиродовите, мизогините и сексистичките вредности, учесниците/учесничките меѓу себе изнајдоа инспирација и го препознаа потенцијалот за идни врски и соработка.

Согледувањата што произлегоа од истражувањето обезбедија вредни информации дека младите од целиот регион би сакале да се справат со предизвиците поврзани со родовата еднаквост и социјалната кохезија. Младите учесници/учеснички покажуваат ентузијазам во желбата нивниот глас да биде слушнат, било преку спроведување на јавни политики, младински кампањи и акциони планови, акции на граѓанското општество, или пак преку индивидуални иницијативи на млади активист(к)и со примена на дигитални алатки. Меѓу алатките со чија помош може да се намалат дискриминацијата и нееднаквостите спаѓаат образованието, особено родово чувствителното образование, еднаквиот пристап до вработување и активизмот предводен од младите – фактори со кои може да се изградат порамноправни и покохезивни општества. Важна алатка и начин за предизвикување општествени промени се дигиталната писменост и дигиталниот и медиумскиот активизам, бидејќи преку нив може да се искористи моќта на различните видови медиуми, како за поврзување, така и за деконструирање на родовите стереотипи. Ова истражување претставува драгоцено дополнение на постојните студии и нуди нови сознанија за младите од младите, со чија помош може да се унапредат теоретските и практичните пристапи кон истражувањата од овој вид.

Поинклузивно и поправедно општество може да се изгради само преку подлабоко истражување на влијанието на наративите од минатото врз современите проблематики, што ќе им овозможи на младите да учат од историските лекции и да изградат иднина заснована на правичност и солидарност. Иако се целосно свесни за предизвиците со кои се соочуваат, младите покажаа голем ентузијазам за справување со нив и силна волја да бидат двигатели на промените во нивните заедници.



# ЛОКАЛНИ ИСТРАЖУВАЧКИ ТРУДОВИ

Овој регионален истражувачки труд е дополнет со пет Анекси, во кои се опфатени податоците собрани во сите земји и на територијата на регионалниот проект:

- Албанија
- Босна и Херцеговина
- Косово
- Северна Македонија
- Србија

Автор(к)и на тие анекси се петте млади истражувач(к)и кои ја водеа и учествуваа во студијата и кои изнесуваат мислења за перцепциите и искуствата на младите од прва рака, така, како што се забележани за време на истражувачките активности на секоја локација.

# БИБЛИОГРАФИЈА


Astelarra, J. 2007. *Gender and Social Cohesion*. Madrid: Carolina Foundation.

*Attitudes of Communities in Kosovo Towards Living Next To & Working Alongside Each Other*. 2023. Prishtina, Kosovo: IPS Musine Kokalari.

Avirovic Bundalevska, I. 2021. "Intercultural marriages: current trends in the Republic of North Macedonia". Годишен зборник на Филозофскиот факултет / Annuaire de la Faculté de Philosophie 74: 697-708.

Avirovic Bundalevska & Dragovic. 2019. "Implementation Of the Ohrid Framework Agreement: Trends In Tolerance Among The Youth In The Republic Of North Macedonia" Link: http://periodica.fzf.ukim.edu.mk/rdc/RDC%2001.1%20(2020)/RDC%2001.04%20Avirovic%20Bundalevska%20Irena,%20Dragovic%20Ivana.pdf

Avirovic Bundalevska, I. 2021. "Intercultural marriages: current trends in the Republic of North Macedonia". Годишен зборник на Филозофскиот факултет / Annuaire de la Faculté de Philosophie 74: 697-708.

Babovic, M., & Petrovic, M. 2021. *Gender Equality Index for the Republic of Serbia 2021: Digitalization, future of work and gender equality* (p. 104). Social Inclusion and Poverty Reduction Unit of the Government of the Republic of Serbia. https://eige.europa.eu/sites/default/files/gender_equality_index_for_serbia_20

Belloni, R. 2013. 'Bosnia: Building states without societies? NGOs and civil society', in Chandler, D. and Sisk, T. D. (eds.) *The Routledge handbook of international statebuilding*. London and New York: Routledge, pp. 281–293.

Blagojević, M. 2002. *Rodni barometar u BiH 2022*. https://www.academia.edu/28845005/RODNI_BAROMETAR_u_BiH_2002 (Accessed, 20.05.2023).

Berg L. B. 2009. *Qualitative Research Methods for the Social Sciences*. Boston: Pearson Education Int.;

Berna, I.B. 2013. Gender politics and post-conflict reconstruction in the Western Balkans. Journal of Research in Gender Studies, 3(2), 128-133. https://www.questia.com/library/journal/1P3-3234861811/gender-politics-and-post-conflictreconstruction-in;

Božanić, D. 2016. Gender and Small Arms and Light Weapons in Southeast Europe. SEESAC. http://www.eurasia.undp.org/content/rbec/en/home/library/democratic_governance/gender-andsmall-arms-and-light-weapons-in-southeast-europe.html

Bringa, T. 1995. *Being Muslim The Bosnian Way. Identity and Community in a Central Bosnian Village*. Princeton: Princeton University Press.

Browne, E. 2017. *Gender in the Western Balkans*. K4D Helpdesk Report. Brighton, UK: Institute of Development Studies.

Creswell, J. 2009. *Research Design: Qualitative, Quantitative and Mixed Methods Approaches*. Los Angeles: Sage Publication.

Cvetkovic & Velickovska (2022) "Who Is Afraid Of Gender? Analysis Of The Key Narratives And Strategies Of The Anti-Gender Movement In The Republic Of North Macedonia" Link: http://coalition.org.mk/wp-content/uploads/2023/03/Who-is-afraid-of-gender-ANG-FIN.pdf

Ćeriman, J. & Spahić Šiljak, Z. 2021 "'Samo se šalim': Analiza seksističkog humora I uvredljivih komentara na univerzitetima Balkana", in: Z. Spahić Šiljak, J. Kovačević, J. Husanović (eds.), Izazovi integrisanja rodne ravnopravnosti u univerzitetskoj zajednici: protiv rodno zasnovanog nasilja, TPO Fondacija, Sarajevo;

Danaj, E., Lame, E. and Kalaja, D. (2019). Gender and feminist studies in Albania – a brief state of the art. Gender, Place & Culture, pp.1–9. doi: https://doi.org/10.1080/0966369x.2019.1596887.

Dauti, M. and Zhllima, E. (2016). *Public perceptions and attitudes toward gender equality in Albania. Tirana*: UNDP. http://www.al.undp.org/content/albania/en/home/library/poverty/publicperceptions-and-attitude-towards-genedr-equality-in-alban.html (Accessed on July 28, 2023).

Demukaj, V., Maloku, E. and Anyla Beqa (2019) 'Gender Stereotypes and Educational Choices in Kosovo'. Available at: https://doi.org/10.13140/RG.2.2.22691.81449

Dolan C. 2011. 'Militarised, religious and neo-colonial: The triple bind confronting men in contemporary Uganda' in Cornwall A, Edstrom J, Greig A (eds), *Men and development: Politicising masculinities*, London: Zed Books.

Drosopulos, M. 2020. *Berlin Process: Overview of the progress by the six Western Balkans countries since London and Poznań Summits*. Prishtina: The Balkan Forum. Available in https://thebalkanforum.org/en/berlin-process-overview-of-the-progress-by-the-six-western-balkans-countries-since-london-and-poznan-summits;

Feruni, N. et.al. 2020. The Impact of Corruption, Economic Freedom and Urbanization on Economic Development: Western Balkans versus EU-27. Sustainability, 12(22), 9743; https://doi.org/10.3390/su12229743

Haraway, D. 1988. "Situated Knowledges: The Science Question in Feminism and the Privilege of Partial Perspective". *Feminist Studies*. 14 (3): 575–599. doi:10.2307/3178066;

Harding, S.(ed). 2004. *The Feminist Standpoint Theory Reader* New York and London: Routledge.

Hughson (Blagojevic), M. 2012. Got undoing gender, undoing the Balkans: Towards ethnic and gender reconciliation. In R. Kersten-Pejanić, S. Rajilić, & C. Voss (eds). Doing gender – doing the Balkans (17-42).;

Husanović, J. 2022. "The Challenges of Intersectionality: Researching Equality in Higher Education", in Spahić Šiljak Z. Kovačević J. Husanović J. 2022. *Uprkos strahu I tišini. Univerziteti protiv rodno zasnovanog nasilja*. Sarajevo: Univerzitet u Sarajevu and TPO Fondacija.

Jagosh, J., Macaulay, A. C., Pluye, P., Salsberg, J., Bush, P. L., Henderson, J., Sirett, E., Wong, G., Cargo, M., Herbert, C. P., Seifer, S. D., Green, L. W., & Greenhalgh, T. (2012). Uncovering the Benefits of Participatory Research: Implications of a Realist Review for Health Research and Practice: A Realist Review for Health Research and Practice. *Milbank Quarterly*, *90*(2), 311–346. https://doi.org/10.1111/j.1468-0009.2012.00665.x

Judis, John and Ruy Teixeiria. 2002. *The Emerging Democratic Majority*. New York: Scribner.

Kelmendi, F. (2023) *Kosovo's youth: Overcoming challenges and creating opportunities*. Vienna, Austria: Österreichische Gesellschaft für Europapolitik (ÖGfE).

Kuci, Liri. Restoring Trust in the Feminist Movement." *Www.goethe.de*, May 2023, www.goethe.de/prj/zei/en/fem/24796132.html. Accessed 15 July 2023.

Kuci, Liri, and Edlira Xhafa. 2020. *Analizë puna dhe drejtësia sociale bota e punësnë kohë pandemie Krizë Dhe Mundësi*;

Lederach, John Paul. 2003. "Conflict Transformation." *Beyond Intractability*. Eds. Guy Burgess and Heidi Burgess. Conflict Information Consortium, University of Colorado, Boulder.
http://www.beyondintractability.org/essay/transformation>.

López, I. 2007. *Gender and Social Cohesion Policies*. Madrid: International and Ibero-American Foundation for Administration and Public Policies, pp. 23-24.

Lorber, Judith. 1998. *Gender Inequality: Feminist Theories and Politics Los Angeles*, Roxbury Publishing Company.

Majstorović, D & Turjač anin, V. 2013, *Youth Ethnic and National Identity in Bosnia and Herzegovina: Social Science Approaches*, Palgrave Macmillan, London.

Mulalić, M & Karić, M. 2016. "The Politics of Peace and Conflict in Bosnia and Herzegovina", Epiphany: Journal of Transdisciplinary Studies, 9(1), pp. 139-148.
OECD. 2012. "Social Cohesion Indicators", in Society at a Glance: Asia/Pacific 2011, OECD Publishing. http://dx.doi. org/10.1787/9789264106154-11-en.

OSCE. 2020. *Implementing the Women, Peace and Security Agenda in the OSCE Region*. Available at https://www.osce.org/files/f/documents/3/4/444577.pdf Accessed 27.1.2013

OSCE-led survey on violence against women: Main report. Well-being and safety of women, Osce, .2019. Accessed on June 30, 2023, Available at: https://www.osce.org/files/f/documents/9/2/413237_0.pdf ;

Popadić, D., Pavlović, Z., & Mihailović, S. 2019. *Mladi u Srbiji 2018/2019*. http://library.fes.de/pdf-files/bueros/belgrad/15295-20190411.pdf ;

Prato, F. et.al. 2018. *Shaping Social Identities After Violent Conflict Youth in the Western Balkans*. Palgrave Macmillan

Pringle,R. Thorpe, H. 2017, Theory and reflexivity from: Routledge Handbook of Physical Cultural Studies Routledge Accessed on: 03 Aug 2023 https://www.routledgehandbooks.com/doi/10.4324/9781315745664.ch3

Radovanovic, G. and Sonja Stojanovic Gajic (2013). Women, Peace and Security in the Western Balkans.

Radoman, M. (2020). *Vrednosne orijentacije srednjoškolaca u Srbiji – Istraživanje 2019.* (38; Biblioteka Helsinške Sveske, p. 105). Helsinški odbor za ljudska prava u Srbiji. https://www.helsinki.org.rs/serbian/doc/sveske38.pdf

Reactor Research in Action & HERA. 2022. "Status quo report on gender-based violence, legal framework and institutional response and needs and resources analysis on victim-safety oriented work with perpetrators and men's counselling." Funded by the Federal Ministry of Austria for Social Affairs, Health, Care, and Consumer Protection.;

Soldo et al. 2017 *Obrazovanje u BiH: čemu (ne) učimo djecu? Analiza sadržaja udžbenika nacionalne grupe predmeta u osnovnim školama,* Mas Media Sarajevo/Fond Otvoreno Društvo BiH, Sarajevo.

Spahić Šiljak, Z., Kovačević, J., & Husanović, J. (Eds.). (2022). *Izazovi integriranja rodne ravnopravnosti u univerzitetskoj zajednici: Protiv rodno zasnovanog nasilja* (Prvo izdanje). TPO Fondacija.

Spahić Šiljak, Z. 2012 “Women, Religion and Politics”, in: L. E. Cady & T. Fessenden (eds.), *Religion, the Secular and the Politics of Sexual Difference*, Columbia University Press, New York

Susmel, J. 2019 Violence against women in politics in BiH, Council of Europe, viewed 27 July 2023, Available at: https://rm.coe.int/violence-against-women-in-politics-in-bosnia-and-herzegovina/16809fa90f .

The Man Box Study. 2017. https://www.equimundo.org/wp-content/uploads/2017/03/TheManBox-Full-EN-Final-29.03.2017-POSTPRINT.v3-web.pdf

Turjačanin, V, Žeželj, I, Maloku, E, Branković, M. 2017. “Taming conflicted identities. Searching for new youth values in the Western Balkans”, in Trošt and D Mandić (eds), Changing youth values in Southeast Europe, Routledge, London, pp. 151-176.

UN. 2013. Definition of Youth. https://www.un.org/esa/socdev/documents/youth/fact-sheets/youth-definition.pdf

UNDP. 2016. Strengthening women's political participation: An analysis of the impact of women's parliamentary networks in Europe and Central Asia. United Nations Development 18 Programme. http://www.eurasia.undp.org/content/rbec/en/home/library/genderequality/strengthening-womens-political-participation.html

UNDP (2020), *Strengthening social cohesion: Conceptual framing and programming implications*. New York: UNDP.
UNICEF. 2024. Key Peace building Concepts for Peacebuilding, Education and Advocacy (PBEA). East Asia and Pacific Desk Review and Situation Analysis.

UNICEF. 2017. Gender Equality: Glosary of Terms and Concepts. https://www.unicef.org/rosa/media/1761/file/Genderglossarytermsandconcepts.pdf

Vaughn, L. M., & Jacquez, F. 2020. Participatory Research Methods – Choice Points in the Research Process. *Journal of Participatory Research Methods*, *1*(1). https://doi.org/10.35844/001c.13244

Van Ingen, M. et al. *2020. Critical Realism, Feminism, and Gender: A Reader*. Routledge Taylor and Francis;

Vučenović, N 2022. “(De)konstrukcija patrijarhalnih obrazaca u udžbenicima: komparativna analiza udžbenika italijanskog jezika kao stranog i srpskog jezika kao stranog“, *Folia Linguistica et Litteraria*, 33, pp. 231-25.

Westmarland, N. and Bows, *H. 2019. Researching Gender, Violence and Abuse: Theories, Methods, Action*. Routledge Taylor and Francis. Kindle Edition.

United Nations

PEACEBUILDING FUND

UN WOMEN